Додатната настава се организира за учениците:- кои во текот на редовната настава постигнуваат надпросечни резултати, пројавуваат особена надареност и талентираност во одредени наставни предмети. Додатната настава ќе ја организира самиот наставник, во зависност од сопствените согледувања за работата и талентот на учениците. Учениците се подготвуваат за натпревари, при што училиштето ги афирмира своите воспитно - образовни потенцијали, а се овозможува и афирмација на трудот и талентот на самите ученици. Додатната настава наставникот е должен да им ја понуди на:

- напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,
- ученици кои  покажуваат посебен интерес за одредена област за тема/област од наставната програма,
- ученици кои  се пријавуваат за учество на натпревари.

Наставникот е должен да му понуди на ученикот следење на додатна настава, а ученикот одлучува во договор со родителот/старателот за посета на часови за додатна настава. Ученикот ја следи во текот на целата учебна година или повремено, по одлука на ученикот и во соработка со родителот/старателот и наставникот. Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Основното училиште, на месечно ниво, изготвува распоред за додатна настава по секој наставен предмет и го објавува на огласна табла и на официјална веб-страница на училиштето. Програмата и распоредот за додатна настава се дадена во прилог.

### 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

*Програма за работа со надарени и талентирани*

| Задачи | Активности | Носители | Време на реализација | Инструменти | Форми на работа |
|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификација на надарени и талентирани ученици** | -Идентификување на надарени и талентирани ученици<br>-Разговор со ученици и родители за вклучување во индивидуални и групни активности | -Наставници<br>-Стручни соработници<br>-Родители | -Почеток на учебната година | -Следење за време на часови<br>-Постигнати резултати по наставниот предмет<br>-Освоени награди на ниво на училиште или надвор од училиштето | -Индивидуална<br>-Групна<br>-Истражувачка |
| **Следење на напредокот на учениците** | -Следење и евидентирање на постигањата на учениците<br>-Вклучување на учениците во додатна настава и подготовки за натпревари. | -Наставници<br>-Стручни работници<br>-Родители | -Континуирано во текот на годината<br>-На крај на учебна година | -Евидентни листови<br>-Табеларни прегледи<br>-Извештај за освоени награди | -Индивидуална работа<br>-Средување и споредување на податоци |

*Индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани*

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе. Наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го поддржи талентираниот ученик. Работата со надарените деца денес претставува важен сегмент во образовниот систем.

Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон:- самостојно учење и користење информации, развивање на способности, формирање методи, умеења и

постапки за доаѓање до нови знаења и решенија. Работата во нашето училиште ќе се насочи кон развивање, екипирање на надарените и талентирани ученици преку:

- индивидуализација во наставата со учениците;
- групна настава за учениците со приближно исти способности;
- проектни активности;
- слободни ученички активности;
- организирање натпревари, конкурси и истражувачки активности;
- организирање креативни работилници.

### 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

**ПОСЕБНИ ПАРАЛЕЛКИ ВО РАМКИТЕ НА ООУ,,БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ,,**

**Центар за поддршка на учењето**

Првите направени чекори кон образование на поголем број на деца со посебни образовни потреби имаат интерактивни карактеристики со отварањето на посебни одделенија во рамките на ООУ„Браќа Миладиновци“ -Куманово, кој како облик на интеграција остана до денес давајќи можност за образование на поголем број на деца со посебни образовни потреби. Паралелките ги посетуваат  21 ученик распоредени во 6 паралелки од V до IX одделение.Наставата  ја реализираат 8 дефектолози и наставници од редовните паралелки.

Учениците се со хетероген наод и мислење и тоа ученици со:

- *лесна интелектуална попреченост;*
- *умерена интелектуална попреченост;*
- *оштетување на видот;*

- *оштетување на слухот;*
- *cerebral paralysis;*
- *Down syndrome;*
- *Аутизам;*
- *мултихендикеп.*

***Предноста на посетување на паралелки за деца со посебни образовни потреби е работата во мали групи и можност за индивидуална работа со секое дете.***

Со рана дијагноза и навремена стручна помош во вид на дефектолошки третман, децата со посебни образовни потреби можат да учат и да ги унапредуваат своите вештини. Искуството покажува дека доколку порано се вклучат во соодветен третман, во стимулативна и динамична средина, каде учат и се развиваат низ игра, шансите за нивно напредување значително се зголемуваат.

Посебно внимание се посветува на развојот на психомоториката, подигање на когнитивните способности и подобрувањето на говорот.

При реализација на содржините во наставата кои се идивидуално прилагодени кон секое дете се имплементираат програмите:

- ABA,
- *TEACCH,*
- *PECS,*
- *реедукација на психомоториката;*
- *развој и корекција на говор;*
- *терапија со држење (holding therapy),*

- *окупациона терапија и*
- *терапија со сензорна интеграција.*

Наставата се изведува според Адаптирани програми за ученици со пречки во психофизички развој, ученици со мултихендикеп и аутизам изготвени од Министерство за образование и наука. Во текот на учебната година напредокот на учениците се следи и евидентира во индивидуални листи и протоколи за следење на ученикот во воспитно- образовниот процес.

Во паралелките работат 8 дефектолози кои се стручно оспособени за работа и третман на ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има и логопед кој индивидуално и групно ја изведува својата работа во логопедскиот кабинет, преку специјализирани облици на работа со учениците кои имаат проблеми во говорната комуникација.

Покрај редовната настава, во училиштето се организираат и изведуваат и слободни и насочени активности, креативни работилници, спортски активности, прошетки и излети.

Се организираат и активности со учениците од редовните паралелки со цел за поуспешна интеграција и социјализација на учениците.

Според Законот за основно образование, предвидено е задолжително воспитание и образование на децата со посебни потреби, како и инклузија на ученици со посебни потреби во редовни паралелки. Во училиштето за овие ученици се изготвуваат Индивидуални образовни планови (ИОП). За секој ученик, според неговата попреченост, се изготвува соодветна програма за работа со цел да им се овозможи подобро и поуспешно вклопување во редовната настава. Секој наставник што има ученик со потешкотии по извршена идентификација во соработка со стручната служба и тимот од дефектолози и логопед, како и родителите, должен е да изработи соодветна програма. Во текот на учебната година истиот се следи и евидентира во индивидуални листи за следење на ученикот во воспитно- образовниот процес.

Тимот за работа со ученици со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава го сочинуваат: директор, дефектолог, педагог, психолог, наставници и родител.

Инклузивната едукација го опишува процесот преку кој училиштата се обидуваат да ги распознаат сите ученици како индивидуи, со реконструкција на курикуларната организација и прописи и дислоцирање на истражувањата во постигнување подеднакви можности. Тоа се постигнува преку унапредување на ефикасноста на наставникот, развој на соодветни учебници и материјали за учење, развиена свест за правото на различност. Со вклучувањето во образовниот процес на учениците со посебни образовни потреби им се олеснува нивниот развој, се актуелизираат нивните потенцијали и се оспособуваат за вклучување во општеството, а со тоа се придонесува за квалитетот на нивниот живот. Затоа се препорачува учениците со посебни образовни потреби, каде што е можно, да го стекнуваат своето образование заедно со своите врсници во редовните училишта за основно образование**.**

За таа цел според *Националната програма за развој на образованието 2005- 2015,* (стр. 51.) се предвидува децата со посебни потреби да бидат заштитени од образовната, а паралелно со тоа и од социјалната ексклузија со тоа што ќе бидат превземени мерки за нивна *инклузија* во сите степени на образованието.

**Според Концепцијата за инклузивно образование (2020 год.) и Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 229/2020 година), се предвидува постоечките основни училишта за ученици со посебни образовни потреби како и паралелките за ученици со ПОП кои се наоѓаат во склоп на редовните училиште да претрпат одредени трансформации и промени па така:**

**Основни училишта со ресурсен центар** – со развој на инклузијата посебните училишта се трансформираат во училишта со ресурсен центар и стануват национални, односно регионални центри.Тие ќе им нудат своите стручни, материјални и просторни ресурси за учениците со попреченост, нивните семејства и воспитно-образовниот кадар во училиштата. Тие ќе обезбедат индивидуален третман и рехабилитација, ќе ја обезбедуваат образовната и личната асистенција, ќе учествуваат и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби, согласно со препораката на стручното тело за функционална проценка.

**Центри за поддршка на учењето** – со развојот на инклузијата, посебните паралелки при училиштата се трансформираат во центри за поддршка на учењето и ќе нудат свои стручни, материјални и просторни ресурси за учениците со попреченост, нивните семејства и воспитно- образовниот кадар во училиштата. Тие ќе вршат индивидуален третман и рехабилитација и ќе учествуваат и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби, согласно со препораката на стручното тело за функционална проценка.

**Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост при ООУ,,Браќа Миладиновци” – Куманово**

Во состав  на  ООУ,, Браќа Миладиновци" – Куманово од учебната 2023/2024 година, ,отпочна со работа Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост.

| ***Активности*** | ***Цели*** | ***Задачи*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|
| Комуникација со јавноста и промоција на Посебни паралелки и Центар за поддршка на учењето на учениците со попреченост при ООУ,,Браќа Миладиновци” – Куманово. | Информирање на пошироката јавност дека од учебната 2026/27година, продолжуваат со работа посебните паралелки и Центарот за поддршка на учењето на учениците со попреченост. | Изработка на флаер и видео презентација за работа на посебни паралелки и Центарот за поддршка на учењето на учениците со попреченост. | септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на состојбата на учениците со попреченост и со тешкотии во учењето кои се упатени на функционална проценка. | Соработка со педагошко-психолошка служба и со училишниот инклузивен тим, за состојбата и текот на процесот. | Добивање на подетални податоци за ученикот, начинот на кој е адаптиран во училиштето . Соработка со специјалните едукатори и рехабилитатори кои се вклучени во инклузивните тимови во училиштата. | септември - ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Прибирање на потребните податоци за ученикот од спроведената проценка, информирање на родителите за понатамошните активности. | Воведување на родителите во процесот и понатамошна успешна соработка. | Средба со родителите, разгледување на извештајот од МКФ и давање на информативни насоки за понатамошните средби и закажување на третманите. | септември - ноември |
| Содржинска анализа на индивидуалните цели на ученикот според извештајот од МКФ. | Следење и прецизирање на индивидуалните цели дадени во извештајот и начинот на кој ќе се работи за нивно постигање. | Да се согледа етиологијата која го отежнува организираниот процес на учење, недостигот на концентрација и не можноста да се задржи вниманието, социо – | септември - ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | емоционалните проблеми, болест кај детето. | |
| Планирање на текот на третманите.<br><br>Распоред на индивидуалната работа. | Дефинирање на вежбите кои ќе се применат при спроведување на третманите.<br><br>Месечен распоред за временските термини за одржување на третманите. | Одредување на специфичноста на секоја област во која треба да се даде поддршка на детето и за секоја од нив да се одредат вежби и терапевтски дејствија кои ќе го поттикнат тој дел и ќе придонесат за негово подобрување. | септември - јуни |
| Евидентирање и следење на третманите во дневникот на специјалниот едукатор, рехабилитатор и логопед.<br><br>Следење на успехот и резултатот од тековните вежби за постигнување на конкретните цели пропишани во извештајот на МКФ. | Следење на успехот и резултатот од одредена вежби или спроведена активност.<br><br>Изготвување на извештај за реевалуација во МКФ на барање на родителот. | Во индивидуалното досие се внесуваат дел од активностите кои ги изработува ученикот во текот на третманите, се забележува во извештајот во која област постои брз напредок, а каде е потребно да се внесе дополнителен труд и вметнување на дополнителни вежби. | септември - јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со родителите на ученикот кој посетува индивидуални третмани. | Постигнување на свесност за вредноста на индивидуалните третмани. | Едукација на родителите и меѓусебна соработка.<br>Создавање на ефективна комуникација.<br>Почитување на културното, социјалното потекло и можностите на родителите и семејствата. | септември - јуни |

Индивидуална поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор- дефектолог треба да му помага на детето во развој на когнитивни способности, моторни вештини, самостојност, однесување, комуникација и лексички способности, графомоторни способности, психомоторна реедукација и социјализација.

***Сензорна интеграција***

Преку хармонично и контролирано изложување на светлосни ефекти, бои, звуци, музика и мириси се стимулираат повеќе сетила или фокус се става само на едно сетило со цел подобрување на физички и ментални капацитети, стимулирање на аудитивни сетила, визуелни сетила, сетило за допир, рамнотежа, зголемување на концентрација и внимание, учење, ангажирање во наставните и воннаставните активности.

***Процена на индивидуални потреби***

За асистивна технологија нуди голема можност за избор на асистивни уреди и услуги кои ќе доведат до подобрување на функционалните способности на поединецот.

Употребата на асистивната технологија во наставата со ученици со посебни потреби е од голема корист како алатка што го поддржува процесот на следење на наставата, учество за време на часот, како и можност за следење и евалуирање на постигањата на ученикот.

***Логопедскиот третман***

Логопедски третман превенира, открива, проценува, дијагностицира и третира проблеми во вербална комуникација кај деца. Помош при решавање на говорниот, психомоторниот проблем и аграматизам кај децата со вежби за артикулација и дикција, вежби за течно зборување и вежби за дишење и релаксација.

Во период на месец септември и почеток на месец октомври во Центарот за поддршка на учењето на ученици со попреченост се очекуваат над 30 ученици  инклузирани во редовни основни училишта на територија на Општина Куманово, кои добиваат препорачан број на третмани-дефектолошки (индивидуална поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор)  и логопедски третман  според препораките од Стручно тело за функционална проценка по МКФ.  Бројот на третманите, по барање на родителите кај некои ученици е зголемен и регулирано со соодветна документација. Третманот трае 40 минути или еден наставен час. Вкупните дефектолошки и логопедски третмани во следната учебна година надминуваат 60, со тенденција за постојано зголемување.

***Стручни соработници за индивидуален третман во центар за поддршка***

1. Оливера Георгиевска - дефектолог;
2. Адријана Владимирова Тасевски - дефектолог;
3. Гордана Денковиќ - дефектолог;

4. Сања Тасевска - логопед;
5. Наташа Ѓорѓевиќ- дефектолог.

**Училишен инклузивен тим**

Формирањето на инклузивен тим е пропишано во Законот за основно образование.

Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и двапати во учебната година врши ревизија/евалуација на степенот на постигањата на целите предвидени со (ИОП). По барање на родителите и почесто и по потреба врши дополнување и нивна корекција. Во училиштето се формираат училиштен инклузивен тим, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште, и инклузивен тим за ученик, кој работи по индивидуален образовен план (ИОП). Тие се меѓусебно поврзани на два начина. УИТ ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во работата, додека инклузивните тимови за учениците (ИТУ) во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици, изготвувањето и реализирањето на нивните (ИОП). Член на УИТ е и член на определен ИТУ или е одговорен за врската со конкретни ИТУ. Улогата на училишниот инклузивен тим е систематски да работи на прашања поврзани со инклузијата и на воспоставување на процедури во решавање на проблемите на учениците со посебни образовни потреби во училиштето, кои ќе бидат познати на сите во училиштето. Училишниот инклузивен тим го формира директорот на училиштето и е составен од психологот во училиштето, двајца наставници од редот на вработените на училиштето (еден наставник од одделенска настава и еден наставник од предметна настава),  родител односно старател, дефектолог, педагог и директорот на училиштето.

***Членови на Инклузивен тим:***

1.Јасминка Спасовска – директор;

2. Д-р Милена Илиќ Пешиќ - дефектолог;

3. Биљана Стоилковска - психолог;
4. Соња Поповиќ – педагог;
5. Наталија Крстевска - предметен наставник;
6. Јадранка Јосковска - одделенски наставник;
7. Саветка Лазаревска - родител;

Пограмата за работата на училишниот инклузивен тим е дадена во прилог.

**8.14.Туторска поддршка на учениците**

Туторска поддршка на ученици се организира во соработка со НВО, општината и МОН.

Образовен медијатор

За учениците Роми, особено оние што потекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори. Образовниот медијатор презема активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училиштата, спроведува редовни средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници и наставниците за подобрување на постигањата на учениците, презема активности за намалување на напуштањето на воспитно-образовниот процес на учениците. Потребата за ангажирање на образовен медијатор се врши на барање на училиштето во кое е запишан или треба да се запише ученикот, кое се доставува до Министерството најдоцна до 15 септември во тековната учебна година. Образовните медијатори се ангажираат по пат на јавен повик, кој го објавува Министерството на интернет страницата, најдоцна до 1 октомври во тековната година. За изборот на образовни медијатори, министерот формира комисија составена од пет члена, од кои три члена се од редот на вработените во Министерството, еден претставник од Бирото за развој и еден претставник од граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на Ромите.

## 8.15. План на образовниот медијатор

| Планирани активности | Време на реализација | Очекувани резултати |
|---|---|---|
| - Соработка со стручната служба во училиштето<br>-Теренска работа со родители и деца повратници од странство<br>-Теренска работа со родители и деца од ромска националност осипани и нередовни во училиштето | септември | - Евидентирање на ученици кои се вратени од странство и нивно вклучување во воспитно образовниот систем.<br>- Подобрување на редовност кај ученици роми |
| - Евиденција на ученици кои се запишале и кои не се запишани во училиштето поради надмината возраст.<br>- Теренска работа со родители и деца од ромска националност осипани и нередовни во училиштето | октомври | - Евидентирање на ученици кои се вратени од странство и нивно вклучување во воспитно образовниот систем.<br>- Подобрување на редовност кај ученици роми |
| -Информации за деца заминати во странство | ноември | - Навремено информирање на училиштето за деца кои се заминати во странство |
| - Соработка со стручната  служба во училиштето<br>-Теренска работа со родители и деца повратници од странство<br>-Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето | декември | - Подобрување на редовност кај ученици роми<br>- Навремено решавање на проблемите со успехот, редовноста и поведението на учениците. |
| -Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето<br>- Соработка со стручната  служба во училиштето | февруари | - Навремено решавање на проблемите со успехот, редовноста и поведението на учениците. |
| -Теренска работа со родители и деца повратници од странство | март | - Навремено решавање на проблемите со успехот, редовноста и поведението |

| | | |
|---|---|---|
| -Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето<br>-Соработка со стручната служба во училиштето | | на учениците. |
| -Теренска работа со родители и деца осипани и нередовни во училиштето<br>- Соработка со стручната служба во училиштето | април | - Навремено решавање на проблемите со успехот ,редовноста и поведението на учениците. |
| -Теренска работа и редовна комуникација со родители за запишување на деца во прво одделение. | мај | - Навремено запишување на ученици во прво одделение |
| -Теренска работа за запишување на деца обврзници за прво одделение. | јуни | - Запишување на ученици од ромска националност во прво одделение |

Образовен медијатор е Марина Асановска, назначена од Министерство за образование и наука, додека активностите ќе се реализираат во соработка со Директорот и стручната служба на училиштето.

## 9. Воннаставни активности

### 9.1. Училишни спортски клубови

Во училиштето нема регистрирано училишни спортски клубови.

### 9.2. Секции/Клубови

Општа цел на воннаставни ученички активности, организирани преку секции, е да се развиваат различните интереси на учениците, како и да се насочуваат сами подлабоко во себе да ги препознаат своите афинитети како услов за поефикасен и поефективен понатамошен развој.

Ќе се реализираат: спортски секции (атлетика и ракомет); литературна секција, ликовна секција, секции по странски јазици (англиски, француски, германски и италијански јазик), млади физичари, математичка секција, историска, географска секција и библиотекарска секција. Изборот на ученици кои ќе членуваат во дадените секции ќе биде направен со почетокот

на учебната година, во согласност со интересите и можностите на учениците. Ќе бидат вклучени ученици од VI-IX одделение.

| Предмет | Наставник | Име на секција | Одделение |
|---|---|---|---|
| Физика | Валентина Павловска | Млади физичари | VII |
| Македонски јазик | Жаклина Трајковиќ | Литературно - драмска секција | VII |
| Историја | Анита Милановска<br>Мартин Серафимовиќ | Историска секција Јустинијана | VI, VII, VIII, IX |
| Македонски јазик | Весна Лазаревска Колевска | Литературно - драмска секција | VII |

активности

| Предмет | Наставник | Активност | Одделение |
|---|---|---|---|
| Географија | Гоце Крстевски<br>Валентина Митевска | Еколошка акција, Изработка на географски макети.<br>Изгработка на хамери<br>Посета на зоолошка градина, посета на Планетариум. Посета на Природно научен музеј | VI, VII, VIII, IX |
| Музичко образование | Наталија Краткорочни воннаставни Крстевска | Музичка работилница | I , V одд. |
| Запознавање на религии | Мима Костиќ | Посета на Шарена џамија и Лешочки манастир | VI, VII |
| Библиотека | Стефан Јовановиќ | Млади библиотекари | VIII, IX |
| Математика | Дафина Јосимовска | Еднократни вонаставни активности<br>Млади математичари | VII |
| Природна група предмети | Елена Трпковска<br>ТатјанаТасевска,<br>Гордана Јовановска, | Млади Природници<br>1.Посета на Фабрика за преработка на вода за пиење и Пречистителна станица | VII-IX одделение, во зависност од посетата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Валентина Павловска, Сандра Петринска,<br>Бојан Дамњановски | за отпадни води-ЈП Водовод-Куманово<br>2.Посета на манифестацијата Хемиски Спектакл на ПМФ - Скопје<br>3.Посета на Ботаничка градина-Скопје<br>4.Посета на Изложбен центар Матка-Скопје<br>5. Посета на Зоолошка градина и Природно-научен музеј-Скопје<br>6. Посета на Институт за земјотресно инженерство и инжинерска сеизмологија-Скопје | |

### 9.3. Ученички акции

Овој вид работа ги опфаќа активностите околу одбележување на поважни датуми од училишниот и секојдневниот живот, образованието, државни празници, средби со познати личности од локалната средина, посета на споменици, организирање еколошки акции,поддржување на разни хуманитарни акции во собирање парични прилози и  друг вид помош според однапред утврден план и програма.

Акциите се краткотрајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови. Тие можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер, како што се, на пример, различни еколошки акции, хуманитарни акции, продажни базари, волонтерски активности и друг вид општествено корисна работа. Акциите може да бидат ограничени на самото училиште (да бидат ограничени на една паралелка, или да се однесуваат на целото училиште), но можат да бидат насочени и кон заедницата и да опфаќаат активности што се реализираат надвор од самото училиште (на пример, акција за чистење во пошироката околина, читање книги на деца во градинка, собирање стара хартија во соседството итн.) .Во една конкретна акција може да бидат опфатени само ученици од една паралелка,

група ученици од една година или одделение, еден возрасен циклус или сите ученици од училиштето, зависно од намената и целта на самата акција.

**Тим за следење на акциите:**

1. Драган Станишковски – претседател на Совет на родители;
2. Марија Насевска – одделенски наставник;
3. Снежана Крстевска – одделенски наставник;
4. Мартин Серафимовиќ– предметен наставник;

| **Настан** | **Форма** | **Субјекти** | **Наставник** | **Време на одржување** |
|---|---|---|---|---|
| Прием на првачиња | Приредба | ученици од I -V одделение | Одделенски наставници | 01 .09.2026 год. |
| Одбележување на Детска недела | Ликовна изложба<br>Литературни творби<br>Игри без граница<br>Спортски актвности меѓу учениците од VI и-VII  и VIII  и IX одделение. | Сите ученици од<br><br>I -V<br><br>VI-IX | Одделенски наставници,<br>Наставници по македонски јазик ,<br>Наставници по ликовно образование,<br>Наставници по физичко образование | Прва цела полна недела во месец октомври |
| Одбележување  на 11 Октомври -- Ден на народното  востание | Читање реферат<br>Изработка на ѕиден весник | Сите ученици од I- IX одделение | Наставници по историја ,наставници по македонски јазик | 11 октомври 2026 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предновогодишни случувања | Китење на елка<br>Ученичка забава-хепенинг | Ученици од I-IX | Одделенски наставници<br>Наставници по музичко образованиеи одделенски раководители | 12.2026 - 12.2026 |
| Осми март - Ден на жената | Литературни,<br>ликовни и музички творења<br>преку творечки работилници (изработка на цртежи , честитки и разни подароци). | Сите ученици од прво до деветто одделение | сите одделенски наставници ,<br>наставници по македонски јазик,<br>наставници по ликовно образование | март 2027 |
| 21 Март --Ден на екологија | Ликовни и литературни творења, работна акција  во чистење и уредување на училишен двор. | Сите ученици од прво до деветто одделение | одделенски и предметни наставници | 20 март 2027 |
| 1 Април-<br>„Ден на шегата“ | Работилница за изработка на маски<br>Маскенбал | ученици од I-V одд. | Одделенски наставници | април 2027 |
| Велигденски случувања | Ликовна изложба,<br>литературни творби | Сите ученици од прво до деветто одделение | Одделенски наставници<br>Наставници по македонски јазик и ликовно образование | април 2027 |
| Одбележување<br>на  Ден на училиштето | Реферат ,<br>ликовна изложба,<br>изработка на ѕиден весник со литературни творби на тема: „Го славиме делото на Браќата Миладиновци“.<br>Приредба со музички перформанс | Сите ученици од прво до деветто одделение | Сите наставници од прво до деветто одделение | мај  2027 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Одбележување на 24 Мај --Ден на сесловенските просветители, Кирил и Методиј | Реферат, ликовна изложба, изработка на ѕиден весник со литературни творби на тема за „Кирил и Методиј--нашите први учители”. | Сите ученици од прво до деветто одделение | Наставници по ликовно образование, историја, македонски јазик, одделенски наставик | 05.2027 |

**10. Ученичко организирање и учество**

Секоја паралелка бира членови на претседателство на паралелката и одделни комисии. При изборот на членовите се води сметка за правилна полова и етничка застапеност на учениците. Од избраните ученици во паралелката на почетокот на учебната година се бираат членови на училишен парламент и се изготвува соодветна програма.

Ученикот кој е во фокусот на воспитно-образовниот процес е личност со свои права, обврски, интереси, член на општествената заедницата со што има право на свои организации, чија цел е изградба на самосвесни демократични личности кои реално се вреднуваат себеси, другите со што се подготвуваат адекватно да го завземат своето место во општеството. Во ООУ „Браќа Миладиновци“, учениците учествуваат во целокупниот воспитно-образовен процес и се реализира ученичко организирање со цел учениците да се активни и рамноправни учесници во реализацијата на наставната програма како и во целокупниот воспитно-образовен процес. Учениците се организирани во следните ученичките тела: ученички заедници на ниво на паралелки, ученичка заедница на ниво на училиште, ученички парламент и ученички правобранител. Ученичкото организирање треба да им овозможи на учениците да бидат вклучени на различни начини и нивоа на одлучување, во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со:

- наставата,
- воннаставните активности,

- односите меѓу учениците,
- односите со возрасните,
- физичките услови во училиштето.

**Ученичка  заедница на ниво на паралелки**

Според членот 68 од Законот за основно образование, сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница и учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во: заедница на паралелка и ученички парламент. Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката. Задачите на заедницата се: да одлучува за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи, како и односите со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира: претседател, заменик-претседател, постојани па и повремени тела. Посакувано е секое дете да биде член барем на едно постојано тело во согласност со сопствените афинитети. Постојаните тела не мора да имаат однапред определен број, ниту пак тематска насоченост. Самите ученици треба да решат колку постојани тела ќе имаат. Секој ученик освен претседателот и заменик-претседателот на заедницата доброволно се определува во кое тело сака да биде член. Претседателот и заменик-претседателот на заедницата на паралелката ги запишуваат членовите во секое тело и списокот го чуваат во документацијата на заедницата. Претседателот на заедницата се избира со  мандат од една учебна година. Еден ист претседател на заедницата на паралелката може да има само два мандати: еден во одделенска настава и еден во предметна настава. Претседателот на одделенска заедница го избираат учениците кои ја чинат одделенската заедница на непосредни избори со тајно гласање од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката.

**Критериум за избор**

Критериумите за избор на претседателот и заменик-претседателот треба да ги изградат самите ученици, при што наставникот треба внимателно да ги насочува кон одредени вредности како:

- *Комуникативност;*
- *Почит кон другите (не прави разлика помеѓу учениците, еднакво постапува со сите, се залага за учениците);*
- *Почит од другите ученици;*
- *Поведение;*
- *Одговорност;*
- *Подготвеност да ги застапува интересите на другите пред наставникот и пред другите наставници;*
- *Заинтересираност;*

Во заедницата на паралелката се избира претседател и заменик-претседател. Изборите за претседател на заедницата на паралелката се одржуваат во просторијата во која што учениците го одржуваат одделенскиот час, на ден определен со годишниот план и програма за работа на училиштето . На првиот одделенски час од учебната година одделенскиот раководител има обврска да ги информира учениците за процедурите за избор на претседател, заменик-претседатели на другите постојани и повремени тела на заедницата и заедно со учениците да ја формира листата на критериуми.

**Ученичка заедница на училиштето**

Ученичката заедница на ниво на училиште особено ќе се заложува за третирање на одделни актуелни прашања поврзани со возраста, интересите и секојдневието на учениците. Ученичката заедница на училиштето ги опфаќа учениците од I до IX одд. Се конституира на почетокот на учебната година откако ќе се формираат паралелките. Секоја паралелка делегира еден до два члена во училишната заедница од раководството-претседателството на ученичката заедница и тие го претставуваат раководството на ученичката заедница. Одредот на претседателството се бира од потесно раководство кое го сочинуваат претседател, потпретседатели, секретар. За вршење на одделни задачи претседателот бира повремени или постојани комисии, како на пример комисија за успех и дисциплина.

Училишната заедница ја следи, насочува и координира работата на ученичките заедници на паралелките. Својата активност ја остварува по однапред подготвена програма за работа. Работата на ученичката заедница на училиштето ја помага педагогот на училиштето.

Програмата за работа на ученичката заедница е дадена во прилог.

**Ученички парламент**

Ученичкиот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште. Тој е составен од претседателите на заедниците на паралелките. Од нивните редови, по демократски пат -со мнозинство гласови од тајно гласање, се избира претседател на ученичкиот парламент.

Конститутивната седница на ученичкиот парламент се одржува во последната работна недела во месец септември. Датумот на одржување на конститутивната седница се определува со годишниот план и програма за работа на училиштето. Со конститутивната седница на ученичкиот парламент претседава највозрасниот претседател на заедниците на паралелките. Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Во месеците кога учениците се на годишен распуст, седниците се одржуваат на барање на најмалку половина од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките. Седниците

ги свикува претседателот на ученичкиот парламент. Претседателот на ученичкиот парламент е должен веднаш, а најдоцна во рок од два дена да свика седница на ученичкиот парламент доколку тоа го побараат најмалку половина од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките или директорот на училиштето. Ученичкиот парламент може да заседава и да одлучува доколку се присутни најмалку половина плус еден од вкупниот број на претседатели на заедниците на паралелките. На седниците на ученичкиот парламент, без право на глас може да учествува секој ученик, директорот на училиштето, училишниот педагог, дефектолог и други стручни соработници. Членови на ученичкиот парламент во ООУ „Браќа Миладиновци“ ќе се изберат во месец септември и приложат со анекс на Годишната програма за работа на училиштето.

Програмата за работа на ученичкиот парламент е дадена во прилог.

**Ученички правобранител**

Членот 68, став 8 од Законот за основно образование, предвидува и воспоставување на ученички правобранител чија задача е да се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Својата функција ја остварува во партнерство со стручната служба, преку промовирање на детските права (со помош на организирање едукативни работилници, дебати, инфо-денови итн.) и преку давање поддршка за заштита на детските права (со помош на регистрирање на прекршувањата на детските права и нивно проследување до стручната служба). Предвидено е ученичкиот правобранител да го избираат учениците од VII-IX одделение, со тајно гласање. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, се препорачува освен ученички правобранител да се изберат и најмалку двајца негови заменици. Информациите за содржината на работилниците се обезбедени од стручната служба во училиштето и тимот за поддршка, која треба да претставува партнер на ученичкиот правобранител.

**Последователните чекори за селекција на ученичкиот правобранител и неговите заменици:**

1. Директорот ги информира сите наставници во училиштето, при првата заедничка средба, за целиот процес на селекција и собирање за нивно активно вклучување и целосна поддршка.
2. Стручната служба во основното училиште подготвува отворен повик за избор на ученички правобранител и негови заменици. Повикот се објавува на огласните табли и на веб-страницата на училиштето.
3. Најдоцна една недела пред истекот на крајниот рок за пријавување, одделенските, односно раководителите на паралелките имаат задача да го промовираат и да им го објаснат повикот на своите ученици и да одговорат на сите нивни прашања. Ова подразбира потреба од претходна подготовка на сите одделенски, односно раководители на паралелка која ќе ја изведе стручната служба.
4. Во текот на отворениот повик за пријавување се формира комисија за избор на ученички правобранител, која се состои од: социолог и лица назначени од ученичкиот парламент. Бројот на членови на комисијата е непарен. Задачата на оваа комисија е да ги разгледа пријавите за ученик правобранител и да организира избори за ученички правобранител.
5. Комисијата за избор на ученички правобранител дефинира датум за избори и го објавува јавно на огласната табла на училиштето. На огласната табла заедно со информацијата за избори се наведуваат и пријавите на кандидатите за ученички правобранители и замениците на ученичките правобранители за да се запознаат учениците со нивните идеи и видувања. За потребите на изборите, комисијата ќе испечати ливчиња со имињата на кандидатите за ученички правобранител и заменици. Симулирајќи вистински процес на избори, секој гласач ќе добие ливче, ќе го заокружи тајно и ќе го стави во кутијата за избори.
6. По завршување на гласањето, комисијата јавно ги пребројува гласовите. За избран ученички правобранител се смета оној што добил најмногу гласови од учениците што гласале од VII, VIII и IX одделение. Избраните правобранители потпишуваат изјава за одговорност при спроведувањето на сите активности во состав на нивниот мандат.

Програмата за работа на ученичкиот правобранител е дадена во прилог.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачија и наставни предмети, како и за рекреација и дружење на учениците. Оваа учебна година ќе бидат организирани следниве екскурзии: еднодневна екскурзија за трето одделение, настава во природа за петто одделение, дводневна екскурзија за шесто одделение и тридневна за деветто одделение. Еднодневни научни екскурзии за потребите на наставните предмети се планирани во глобалните и оперативните планирања на наставниците. Програмите за ескурзија ги изработуваат одговорни наставници од одделенијата за кои ќе се реализира ескурзија.

Училиштето ќе организира излети и тоа: есенски и пролетен еднодневен излет за сите ученици.

Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности претставуваат форма на воспитно-образовна работа што ја организира училиштето со цел проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно – образовни подрачја, наставни предмети, како и постигнување на други воспитни, образовни и рекреативни цели: општи и стручни знаења и ученички сознанија за одредени подрачја од животот и работата на луѓето, применување вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите и односите во природната и општествената средина, културно - историски знаменитости, индустриски и земјоделски капацитети,  запознавање со традицијата и обичаите во различни делови од Република Северна Македонија. Училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности ги реализираат целите преку:

- ✓ истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- ✓ посета на локалитети и објекти од културно, историско и друго значење;

- ✓ развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- ✓ запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата;
- ✓ градење чувство за припадност на државата, еднаквост, толеранција и соживот;
- ✓ запознавање на учениците со културата на различните етнички заедници што живеат во нашата држава, за примена на меѓуетничка интеграција на образованието;
- ✓ развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности на сопствениот народ и на граѓаните кои припаѓаат на другите народи кои живеат во државата;
- ✓ дружење, социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- ✓ развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење

***Стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности***:

- ➢ За подготовка на Програма за екскурзија за трето одделение се формира стручен тим во состав од:
    1. Јасминка Спасовска - директор на училиште;
    2. Убавка Пешевска - раководител;
    3. Светлана Насковска - одделенски наставник;
    4. Сандица Ристевска - одделенски наставник;
    5. Гордана Ракиќ - одделенски наставник;
    6. Магдалена Миладиновска - одделенски наставник;
    7. Христина Кеовска - одделенски наставник;

- За подготовка на Програма за екскурзија за петто одделение (настава во природа) се формира  стручен тим во состав од:
  1. Јасминка Спасовска - директор на училиште;
  2. Снежана Крстевска - одделенски наставник -раководител;
  3. Гордана Паневска - одделенски наставник;
  4. Силвана Стефановска - одделенски наставник;
  5. Милена Михајловска - одделенски наставник;
  6. Јадранка Јосковска - одделенски наставник;
  7. Александра Митевска - одделенски наставник;

- За подготовка на Програма за екскурзија за шесто одделение  се формира  стручен тим во состав од:
  1. Јасминка Спасовска- директор на училиште;
  2. Мартин Серафимовиќ - предметен наставник -раководител;
  3. Гордана Јовановска - предметен наставник;
  4. Маја Станковски - предметен наставник;
  5. Јулијана В.Петковски  - предметен наставник;
  6. Сандра Петринска - предметен наставник;
  7. Бојан Дамњановски- предметен наставник;
- За подготовка на Програма за екскурзија за деветто одделение се формира стручен тим во состав од:
  1. Јасминка Спасовска - директор на училиште;
  2. Гоце Крстевски - предметен наставник - раководител;
  3. Елизабета Костадиновиќ Костиќ - предметен наставник;
  4. Гордица Миленковска - предметен наставник;

5. Ивана Денковиќ - предметен наставник;
6. Наталија Крстевска- предметен наставник;
7. Магдалена Крстевска Цветковска- предметен наставник;

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Во ООУ„Браќа Миладиновци“ -Куманово, учениците се вклучени во вонучилишните активности.

## 12. Натпревари за учениците

ПЛАН ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас. Ученичките натпревари опфаќаат активности преку кои учениците ги презентираат своите постигнувања во наставата и другите подрачја на воспитно-образовната дејност и го презентираат училиштето во својата локална средина, градот, републиката, па и на меѓународно ниво.

Во текот на учебната 2026-2027 година учениците од нашето училиште ќе учествуваат на голем број натпревари од спортски карактер и натпревари за стекнување на знаења како и на општински, регионални, државни, меѓународни и други натпревари.

| Активности | Форма | Субјекти | Наставник | Време на одржување |
|---|---|---|---|---|
| Училишен натпревар по македонски јазик | натпревар | Ученици од VI и IX | Предметен наставник | февруари |
| Училишен натпревар по француски јазик | натпревар | Ученици од VI и IX | Предметен наставник | март |
| Училишен натпревар по англиски јазик | натпревар | Ученици од V до IX | Предметен наставник | февруари |
| Училишен натпревар по италијански јазик | натпревар | Ученици од VI до IX | Предметен наставник | март |
| Училишен натпревар по математика | натпревари | Ученици од IV до IX | Предметен наставник | декември, јануари |
| Училишен натпревар по географија | натпревари | Ученици од VI до IX | Предметен наставник | март- мај |
| Училишен натпревар по физика | натпревари | Ученици од VII до IX | Предметен наставник | јануари |
| Училишен натпревар по хемија | натпревари | Ученици од VII до IX | Предметен наставник | јануари |
| Училишен натпревар по Природни науки | натпревари | Ученици од V | Предметен наставник | декември, февруари |
| Училишен натпревар по Биологија | натпревари | Ученици од VII до IX | Предметен наставник | февруари |
| Училишен натпревар по Информатика | натпревари | Ученици од VI до IX | Предметен наставник | Февруари,март |
| Училишен натпревар по Техничко образование | натпревари | Ученици од V до VIII | Предметен наставник | октомври |

Спроведувањето на училишни натпревари ја олеснува селекцијата на ученици – натпреварувачи, кои ќе заземат учество на понатамошните општински, регионални и државни натпревари по повеќето наставни предмети.

За учество на учениците на општински, регионални и државни натпревари, за кои училиштето или основачот обезбедува средства за котизација, задолжително е претходно рангирање на учениците на училишно ниво, согласно со претходно утврден План на критериуми за рангирање на учениците за училишни натпревари во ООУ„Браќа Миладиновци“-Куманово бр.03-442/1 од 30.12.2025 година.Планот за критериуми е изготвен врз основа на предлози за натпревари од страна на наставниците на училиштето, изготвени од страна на стручните активи на наставници по одредени области, а врз основа на бројот на надарени и/или талентирани  ученици за наставните предмети од обласа на активот.

На 14.01.2026 година, донесена е одлукаод Наставнички советза покривање на трошоци за котизација за учество на натпревари и утврдена квота на бројот на ученици за кои може да се плати котизација од страна на училиштето.

План на критериуми за рангирање на учениците за училишни натпревари во
ООУ„Браќа Миладиновци“-Куманово

| **Наставен предмет** | **Одделение** | **Број на ученици по одделение учесници на училишен натпревар** | **Прва награда** | **Втора награда** | **Трета награда** | **Критериум за Општински натпревар** | **Организатор** | **Место на оддржување** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонски јазик** | VI, VII, VIII и IX одд. | 1 | 1 | 1 | 1 | Освоена прва награда на училишен натпревар | Наставници по македонски јазик | ООУ „Браќа Миладиновци”-Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: За учениците кои што ќе се пласираат на општински,регионален или државен натпревар,критериумите ги изготвува Сојуз на ДМЈЛ. | | | | | | | | | |
| **Англиски јазик** | V, VI, VII, VIII и IX одд. | 5 | 1 | 1 | 1 | Освоена прва/втора награда на училишен натпревар (Двајца ученици со најмногу освоени поени) | Наставници по англиски јазик | ООУ “Браќа Миладиновци”-Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: За учениците кои што ќе се пласираат на општински,регионален или државен натпревар,критериумите ги изготвува ЕЛТАМ- Здружение на наставници по англиски јазик на РС Македонија. | | | | | | | | | |
| **Француски јазик** | VI, VII, VIII и IX одд. | 5 | 1 | 1 | 1 | Освоена прва/втора награда на училишен натпревар (Двајца ученици со најмногу освоени поени) | Наставник по француски јазик | ООУ “Браќа Миладиновци”-Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: За учениците кои што ќе се пласираат на општински,регионален или државен натпревар,критериумите ги изготвува Здружение на професори по француски јазик на РС Македонија. | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Италијански јазик** | VI, VII, VIII и IX одд. | 5 | 1 | 1 | 1 | Освоена прва/втора награда на училишен натпревар (Двајца ученици со најмногу освоени поени) | Наставници по италијански јазик | ООУ “Браќа Миладиновци”- Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: За учениците кои  што ќе се пласираат на општински,регионален или државен натпревар,критериумите ги изготвува  Здружение на професори по италијански јазик на РС Македонија. | | | | | | | | | |
| **Математика** | IV, V, VI, VII, VIII и IX одд. | До 15% од  вкупниот број на ученици од генерација од IV до IX одделение | Од 86 до 100 бода | Од 71 до 85 бода | Од 55 до 70 бода | До 10% од вкупниот број на ученици  по генерација од IV до IX одделение | Наставници по математика од IV до IX одделение | ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Според член 4 од Правилникот на СММ, за учениците кои се пласираат на општински, регионален, државен, ЈМБО и меѓународни натпревари по математика, критериумите за учество и организација ги одредува СММ. | | | | | | | | | |
| **Физика** | VII, VIII, IX одд. | Ученик кој покажува интерес и мотивација за предметото, има добро разбирање на наставната содржина, континуиран успех и развиени работни навики. | 90,0–100 бодови | 80,0–89,9 бодови | 70,0–79,9 бодови | Повеќе од 60% освоени на училишен натпревар<br>(а во координација со ДФРМ) | Наставник по физика | ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Претходни постигнувања се сметаат за предност. | | | | | | | |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Во организација на здружение акредитирано за организација на натпревари по физикаДФРМ. Бодовите се пресметуваат според формулата $n \cdot 100/n_{max}$, каде што n е бројот на освоени бодови, а $n_{max}$ е бројот на бодови на првопласираниот ученик на конечната ранг листа. | | | | | | | | | |
| **Хемија** | VII, VIII, IX одд. | Ученик кој покажува интерес и мотивација за предметот, има добро разбирање на наставната содржина, континуиран успех и развиени работни навики. Претходни постигнувања се сметаат за предност. | 90,0–100 бодови | 80,0–89,9 бодови | 70,0–79,9 бодови | Повеќе од 60% освоени на училишен натпревар (а во координација со СХТМ) | Наставник по хемија | ООУ „Браќа Миладиновци“-Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Во организација на здружение акредитирано за организација на натпревари по хемијаСХТМ. Бодовите се пресметуваат според формулата $n \cdot 100/n_{max}$, каде што n е бројот на освоени бодови, а $n_{max}$ е бројот на бодови на првопласираниот ученик на конечната ранг листа. | | | | | | | | | |
| **Информатика** | VI, VII, VIII и IX одд. | 5 од секоја паралелка на ниво на генерација од 6,7,8,9 одделение | 91-100 | 75-90 | 65-74 | 75-100 бода | Наставник по информатика | ООУ „Браќа Миладиновци“- | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Куманово | |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Критериуми од повисоко ниво ги одредува здружение на информатичари. | | | | | | | | | |
| **Техничко образование**: | V,VI, VII, VIII одд. | 5 од секоја паралелка на ниво на генерација од 6,7,8,5 одделение | 91-100 | 75-90 | 65-74 | 75-100 бода | Наставник по информатика | ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Народна техника. | | | | | | | | | |
| **Природни науки** | V одд. | 26 ученика | 91-100% | 75-90% | 65-74% | 60-100 %<br>од вкупниот број на бодови | Наставници по природни науки | ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Критериуми за општински,регионален и државен натпревар ги одредува ДБМ.<br>Бодовите се пресметуваат според формулата n·100/nmax, каде што n е бројот на освоени бодови, а nmax е бројот на бодови на првопласираниот ученик на конечната ранг листа. | | | | | | | | | |
| **Биологија** | VII, VIII и IX одд. | По 25 ученика од секоја генерација: 7,8 и 9 одд | 91-100% | 75-90% | 65-74% | 75-100 %<br>од вкупниот број на бодови | Наставници по биологија | ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Критериуми за општински,регионален и државен натпревар ги одредува ДБМ. | | | | | | | | | |
| **Географија** | VI, VII, VIII и IX одд. | Сите заинтересирани ученици кои имаат 5$^{-ки}$ | Над 90 бода | Од 85-90 бода | Од 80-85 бода | Ученици кои имаат освоено први три места на училишен натпревар затоа што од секоја генерација на општински натпревар може да учествуваат само три ученика од училиште | Наставници по географија | ООУ „Браќа Миладиновци“- Куманово | -училници<br>-тестатори<br>-хартија<br>-принтер<br>-тестови |
| Забелешка за натпревари од повисоко ниво: Натпреварите по географија ги организира и спроведува по критериуми за општински, регионален и државен натпревар ЗПГМ „проф. д-р Љубе Миленковски“. | | | | | | | | | |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот / интеркултурализмот и меѓуетничката

За реализирање на активности за меѓуетничка интеграција училиштето соработува со ООУ ,,Бајрам Шабани“.

Акционен план за активности од Меѓуетничка интеграција во образованието

| **ЦЕЛ** | **АКТИВНОСТИ** | **ОДГОВОРНИ ЛИЦА ЗА АКТИВНОСТИ** | **ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ** | **ВРЕМЕНСКА РАМКА** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Да се подобри меѓуетничката соработка и толеранција и прифаќање на различности. | Организирање на ликовни работилници со ученици од четврто одделение. | Одделенски наставници Одговорни лица од тимот за МИО | Материјали за работа | март |
| Да се подобри меѓуетничката соработка и толеранција и прифаќање на различности. | Организирање на спортски натпревар со мешани групи на ученици. | Наставник по физичко образование Одговорни лица од тимот на МИО | Спортски реквизити | април |

Ќе се продолжи со интеграција на часови со МИО по сите наставни предмети со цел да се надминат стереотипите и предрасудите и да се развие толеранцијата, прифаќањето на сличностите и почитување на разликите.

***Тим за МИО***

1. Јасминка Спасовска - директор;
2. Соња Поповиќ - педагог;
3. Биљана  Стоилковска - психолог;
4. Милена Илиќ Пешиќ;- дефектолог
5. Дафина Јосимовска - предметен наставник;
6. Магдалена Миладиновска - одделенски наставник;
7. Валентина Јанева - одделенски наставник;

### 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Во текот на учебна 2026/2027 година ќе се реализираат следниве проекти но истовременоќе се аплицираи за нови:

1. *Проект:  Безбедни училишта*

Се реализира во соработка со СВР Куманово,  во текот на целата учебна годината. Одговорно лице:Стефан Јовановиќ.

2. *Проект: Промоција на младински активизам во мултиетнички заедници*

Имплементиран од страна на Центарот за интеркултурален дијалог.

3. *Проект: Превенција од насилен екстремизам и врсничко насилство*

Со поддршка наЦентарот за толеранција и доживотно учење - Скопје.

**15. Поддршка на учениците**

Училиштето редовно води грижа за  поддршката на учениците.

**15.1. Постигнување на учениците**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Од страна на педагогот се прават споредби на средниот успех, поведението и изостаноците, како и на постигањата според полот на учениците, по предмети и одделенија, етничката припадност, наставен јазик и др. Училиштето континуирано ги следи постигањата на учениците, прави анализа и споредба на успехот и поведението на секој квартал, изработува полугодишен и годишен извештај, споредбени резултати со претходните години и сл.

Успехот на нашите ученици редовно се следи со анализи и извештаи и во изминативе  години истиот изнесува:

1. За учебната  2023/2024 година -  4,56
2. За учебната  2023/2024 година  - 4,46
3. За учебната  2024/2025 година  - 4,48
4. За учебната 2025/2026 година -  4,29

Очекувани резултати од поставените цели се: стекнување на знаења, вештини, способности и постигнат успех на натпревари. Активностите од стручната служба на училиштето за поддршка на учениците и наставниците ќе се реализираат преку: обуки, следење и анализа на успех по класификациони периоди, советодавни разговори со ученици, родители и наставници.

Редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа. Училиштето посветува особено внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Преку веб страната на училиштето, како и преку соработка со медиумите, културните установи и Годишна програма за работа на училиштето, преку учество на литературни читања, ликовни изложби и хепенинзи, спортски натпревари, квизови, музички настапи и сл, училиштето не само што ги промовира личните постигања на учениците, туку и постигањата на училиштето. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво. Во рамките на учеството на литературни читања особено се истакнуваат средбите со писатели на Саемот на книгата. Училиштето редовно учествува и на ликовни изложби, манифестации и настани. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи резултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од воннаставни активности и нивните наставници-ментори се наградуваат со пофалници и дипломи.

***Тим за поддршка на учениците и за евалуација на работата:***

1. Јасминка Спасовска– директор
2. Христина Кеовска – наставник во одделенска настава
3. Сандра Петринска– наставник во предметна настава
4. Светлана Насковска - наставник во одделенска настава

### 15.2. Професионална ориентација на учениците

*Зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој*

За професионалната ориентација на учениците во училиштето има изготвено соодветна програма со предвидени активности и истата ќе биде доставена во прилог. Одговорни за професионална ориентација на учениците се социолог, педагог, дефектолог и психолог.За оваа цел училиштето соработува со средните училишта од градот и пошироко со цел навремено информирање на учениците за можностите на нивното понатамошно школување.

Училиштето планира и презема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, учениците да се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор на струка и занимање. На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивното основно образование. Во соработка со компаниите од локалната заедница, како и во соработка со родителите, учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија. Исто така се организираат и посети на кариерни и продажни саеми, изложби, учество на конкурси. Стручните соработници спроведуваат анкета со учениците за продолжување на нивното образование преку која се запознаваат со интересите и намерите на учениците за продолжување на образованието. Се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интереси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмо и план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците. Се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта од градот преку кои учениците се запознаваат со условите и критериумите за упис во средно образование.

***Тим за професионална ориентација на учениците:***

1. Гордана Зец - социолог
2. Биљана Стоилковска - психолог
3. Соња Поповиќ - педагог
4. Милена Илиќ Пешиќ – дефектолог

Годишна програма за работа на професионалното ориентирање на учениците

| **Време на реализација** | **Активност** | **Носител на активноста** |
|---|---|---|
| IX - X | Изработка на програма на активности за професионална ориентација. | Социолог |
| XI | Запознавање на одделенските заедници во деветто одделение со програмата за работа на професионално ориентирање. | Предметен раководител во деветто одделение<br>Социолог |
| II | Подготовка на предавање за родителите за важноста од професионалната ориентација.<br>Изработка на попис на контраиндикации за занимањата и со истите да се запознаат учениците и родителите.<br>Изработка на попис за афинитети и интереси, како и особини на личноста, поврзани со секоја струка. | Стручни соработници |
| III | Прибирање на податоци за средните училишта и преглед на занимања. | Стручни соработници |
| IV | Презентација на понудените средни стручни.<br>училишта и одржување на предавања  од страна на родители и укажување за важноста на професионалната ориентација со конкретни примери од наша и од страна на родителите со | Стручни соработници |

| | | |
|---|---|---|
| | различни занимања. | |
| V | Спроведување на прашалник за утврдување на професионалните интереси и способности на учениците.<br>Информирање на учениците за резултатите од прашалникот.<br>Информирање на учениците за изборот на средни училишта и струки.<br>Спроведување на писмена работа: „Што очекувам од мојата идна професија“ („Како ја замислувам мојата иднина“).<br>Ликовно творење на тема: „Мојата идна професија“. | Социолог, дефектолог<br>Наставник по македонски јазик<br>Наставник по ликовно образование |
| VI | Информирање на учениците за условите за запишување во средните училишта.<br>Професионално советување: упатување на учениците за упис во средно училиште, грижа за талентираните и учениците со потешкотии. | Педагог<br>Од биро за вработување<br>Социолог<br>дефектолог |

**15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација.**

Во училиштето има изготвено Норматив за заштита и безбедност на учениците како и програма „Безбедни училишта“, која се реализира во соработка со СВР Куманово. Истите ќе бидат приложени како анекси кон Годишната програма на училиштето.

Воведувањето на овој проект допринесува за развивањето на одговорноста на самите ученици и нивно меѓусебно организирање и анализирање на нивото на безбедност во училиштето.

Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, здравствени установи преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците

остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со релевантни институции во поблиската и пошироката околина се спроведуваат активности во училиштето во кои учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за намалување на сите форми на насилство.

***План за постапување во случај на насилство помеѓу децата и други кризни ситуации***

Освен Програмата за афирмација на позитивни вредности против насилство, како превентивна програма за спречување на насилство меѓу учениците, вработените во училиштето должни се да реагираат во случај на насилство меѓу децата, и други кризни ситуации на следниов начин:

1. Раздвојување на учениците кај кои се јавила конфликтна ситуација и смирување на истата.
2. Краток индивидуален разговор со скараните ученици, договор за заеднички разговор со родителите по наставата истиот ден (класен, предметни наставници).
3. Повикување на родителите на разговор.
4. Заеднички разговор на учениците, родителите, одделенскиот раководител, педагогот и договор за активности за превентивно делување (спречување на лошото однесување).
5. Во случај да не може да се совлада ситуацијата да се повика полиција.
6. Ако има потреба да се повика и Центарот за социјална работа.

***Училишна превентивна програма***

*Цели:*

1. Да се намали интересот на младите за агресивно и ризично однесување
2. Да се опфатат учениците со проблеми во однесување на релација ученик-ученик, ученик-наставник, ученик-родител, деца со социјални проблеми, деца со проблеми во учење како и надарени и креативни ученици

3. Афирмација на родителството – помош на родителите во секојдневните проблеми со децата, помош во зацврстување на позитивни ставови, позитивна комуникација со децата
4. Работа на наставниците на себе – секој наставник постојано да го истражува квалитетот на својата работа

*Основни елементи на програмата:*

*Работа со родители* – на односот кон своите деца, семејните односи, родителствувањето, слободното време на децата, интересот кај децата.

*Работа со учениците:*

- ✓ Да се развива свеста и потребата за здрав и квалитетн живот во здрава околина преку отворени и пријателски односи и комуникација ученик – наставник.
- ✓ На секој ученик да му се овозможи да доживува успех (ова ја зајакнува самодовербата кај ученикот). Ученикот не смее да се плаши ниту срами од својот наставник.
- ✓ Помош на децата со проблематично однесување преку креативни работилници.
- ✓ Работилници преку програмата за животни вештини.
- ✓ Отворен час за ученици и родители од страна на стручна служба и наставници.

*Безбедност во училиштето*

Училиштето располага со сет на документи со кои е регулирано постапувањето во случај на вонредни ситуации и тоа:

- ✓ Проценка на загрозеност од природни непогоди и други несреќи.
- ✓ План за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.
- ✓ Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.
- ✓ Правилник за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и

активности за отстранување на последиците (по опасноста). За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа), тим за противпожарна заштита и одржување, тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација. Училиштето планира и реализира симулациона вежба за евакуација во случај на елементарни непогоди.

***Тим за работа со ранлива група на ученици***:

1. Гордана Зец-социолог
2. Биљана Стоилковска-психолог
3. Соња Поповиќ-педагог
4. Милена Илиќ Пешиќ-дефектолог

Програмата за работа со ранлива група на ученици е дадена во прилог.

Програма за антикорупциска едукација на учениците е дадена во прилог.

Програма за работа на подмладокот на Црвен крст е дадена во прилог.

**Меѓуврсничко насилство, комуникација помеѓу родител, наставник и ученик**

Во училиштето во текот на целата учебна година се преземаат активности кои имаат за цел да истражат во која мера се појавува насилство помеѓу врсниците и да го намалат нивото на истото. Воедно се преземаат активности да се подобри комуникацијата помеѓу наставниците, родителите и учениците. Целта на оваа активност е да се намали насилството помеѓу учениците во било кој вид (физичко и вербално), а воедно да се подигне нивото на комуникација помеѓу сите засегнати страни (ученик, родител, наставник).

| **Време на реализација** | **Активност** | **Носител на активноста** |
|---|---|---|
| IX - X | Работилници  и предавања  спроведени на Одделенски час на тема „Врсничко насилство“<br><br>Отворени денови во стручна служба за родителите (последна недела од месец) | Стручни соработници<br>Директор |
| XI | Работилници  и предавања спроведени на Одделенски час на тема ,„Емпатија“<br><br>Анкета помеѓу учениците „Врсничко насилство“ | Стручни соработници<br>Директор |
| II | Работилници  и предавања спроведени на Одделенски час на тема „Комуникација“<br><br>Презентирање на резултатите од истражувањето „Врсничко | Стручни соработници<br>Директор |

| | | |
|---|---|---|
| | насилство“ | |
| III | Работилници  и предавања спроведени на Одделенски час на тема „Почитување  на различноста“<br><br>Анкета со родителите „Комуникација наставник, родител, ученик“ | Стручни соработници<br>Директор |
| IV | Работилници  и предавања спроведени на Одделенски час на тема „Инклузија на ученици со попреченост“<br><br>Отворени денови во стручна служба за родителите (последна недела од месец)<br><br>Презентирање на резултетите од истражувањето  „ Комуникација наставник, родител, ученик“ | Стручни соработници<br>Директор |
| V | Работилници  и предавања спроведени на Одделенски час на тема: Комуникација - ученик, наставник и родител | Стручни соработници<br>Директор |
| VI | Работилници  и предавања спроведени на Одделенски час на тема: Врсничко, сајбер насилство | Стручни соработници<br>Директор |

## 16. Оценување

Оценувањето и проверувањето на знаењата на учениците се неизоставен дел од наставниот процес во основното образование. Тие се едни од најважните сегменти од процесот на учење, бидејќи обезбедуваат информации до кој степен учениците ги постигнале однапред поставените едукативни стандарди. Оценувањето на знаењата и вештините на учениците се одвива на различни начини, се применуваат најразлични техники. Во целокупниот систем на образование постојат три главни методи на оценување на учениците и тоа:  писмена, усна и комбинирана метода.

**16.1. Видови оценување и календар на оценувањето**

Во училиштето оценувањето се одвива континуирано во текот на целата учебна година. Оценувањето се изведува од страна на одделенските и предметните наставници со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано.Описно оценување на учениците од I - III одд (во текот на целата учебна година). Бројчано оценување за учениците од IV - VI одд. (на крајот од учебната година). Бројчано оценување за учениците од VII до IX одд (во текот на целата учебна година).

Оценување на учениците од I-III одд.

● Учениците од I одделение ќе се оценуваат описно на крајот на првото полугодие, третото тримесечје и на крајот од учебната година. На крајот на првото тримесечје ќе дадеме опис на прилагоденоста во училиштето.

● Учениците од II и III одделение описно ќе се оценуваат на крајот од прво тримесечје, полугодие, трето тримесечје и на крајот на учебната година.

Оценување за учениците од IV-VI одд.

● Учениците од IV, V и VI одделение на крајот од првото и третото тримесечје ќе се оценуваат описно , а на крајот на второто полугодие и на крајот на учебната година ќе се оценуваат бројчано.

Оценување за учениците од VII, VIII и IX одд.

● Учениците од VII до IX одделение ќе се оценуваат бројчано на крајот од секој од периодите.

● Усното проверување ќе се спроведува континуирано во текот на учебната година, следејќи ги критериумите за оценување од БРО и Кодексот на оценување во училиштето.

● Писменото проверување ќе се спроведува континуирано во текот на учебната година според наставниот план и програма и според законот за писмено проверување, а ќе се води сметка за оптеретеноста на учениците за дневно или неделно писмено проверување. За да се спроведе оценувањето наставниците по својот наставен предмет ги планираат методите и инструментите на вреднување и оценување на учениците во годишните и дневните планирања. Наставниците на

почетокот и во текот на учебната година ги запознаваат учениците со начините, постапките и критериумите-стандардите на вреднување и оценување согласно наставниот план и програма, како и со целите и очекуваните исходи. Писмените работи и тестови на знаења ќе бидат давани на увид и на учениците и на родителите и ќе се чуваат во досиејата на учениците.

Во нашето училиште доследно се спроведува формативното и сумативното оценување за кои наставниците на крајот на учебната година даваат извештаи. На почетокот на учебната година се формираат комисии за повторна проверка на знаењето на учениците. Комисиите за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување се формираат кога за тоа ќе се појави потреба и членовите на тие комисии се од редот на наставниците и согласно законските одредби.

Наставниците имаат изработено критериуми, стандарди на оценување на ниво на наставен предмет и теми, користат инструменти за оценување. Со нив учениците се запознаваат и самите се креатори, на почетокот на реализација на наставната тема, во текот на часовите истите се истакнуваат на видно место во училниците, ги имаат во портфолиото на паралелката. Во своите дневни планирања наставниците издвојуваат сегменти од часот со цел учениците самостојно да изработат инструменти за оценување и учениците се поттикнуваат на самооценување и соученичко самоооценување.

***Опис на активностите:***

- Секој наставник ќе ги имплементира стандардите во оценувањето во својата програма и истите ќе ги применува цела година.
- Секој наставник во секој класификационен период ќе поднесува на увид докази (инструменти) кои ги користел при оценувањето.
- Секој наставник ќе го планира формативното (секојдневно во дневна подготовка и сумативното (на полугодие и на крај година) оценување.

***Членови на комисија за повторна проверка на знаењето на учениците***:

Училиштето формира комисија за повторна проверка на знаењето на учениците во одредени случаеви по писмен предлог на родителите а со одлука на Наставнички совет. Директорот во рок од пет работни дена назначува членови на комисија за секој поедеинечен случај одделно.

***Испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување***:

Училиштето формира комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување на учениците во одредени случаеви на предлог на одделенски раководител, на барање на родителот и мислење од стручните соработници кои ги доставува до Наставнички совет и по добивање на согласност од истиот Директорот назначува членови на комисија за секој поедеинечен случај одделно.

**16.2. Тим за следење, анализа и поддршка**

Во училиштето и ова учебна година ќе работи тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Има изготвена процедура за поплаки и жалби по добиени оценки и начини на информирање на родителите и учениците.

Училиштето има формирано тим во чиј состав влегуваат директор стручната служба, одделенски и предметни наставници со конкретни задолженија. Овој тим ги следи сите планирани активности во училиштето. Се следи и се врши проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, се утврдува процентот на поплаки и жалби по добиените оценки, се утврдува начинот на информирање на родителите и др. планирани активности. Тимот изготвува план на следење за секој период и наставен предмет. На крајот се прави една конечна анализа на состојбата, за да се процени дали предвиденото е реализирано за да се превземаат потребните чекори. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката континуирано во текот на учебната година го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Истите се ги известуваат родителите односно старателите за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските

совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечје, прво полугодие, трето тримесечје и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

***Членови на тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди***:

1. Јасминка Спасовска - директор
2. Биљана Стоилковска - психолог
3. Дафина Јосимовска - наставник во предметна настава
4. Соња Поповиќ - педагог

***Процедура за поплаки и жалби по добиени оцени***

- Годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите, односно старателите, ги соопштува на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците.
- Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишната оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.
- Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот.
- Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот. За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето.
- Комисијата е составена од претседател и два члена испитувачи.

- Претседателот на комисијата, по правило е одделенскиот раководител¬ односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште.
- Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката и оценката на комисијата е конечна.

### 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

За подобрување на квалитетот на наставата директорот и стручните соработници организират посета на наставните часови и воннаставните активности. Посетата се врши според претходно изготвен план на месечно ниво и се користи протокол за посета на час. Според однапред изготвениот план секој од наставниците ќе биде посетен по два пати во учебната година од страна на стручната служба и директорот на училиштето. Исто така ќе врши посета на часовите на наставниците- приправници.

План на директор и стручен соработник за посета на наставни часови и вонанаставни активности

| Реден број | Активност | Цели | Инструменти | Временска Рамка | Очекувани резултати | Реализатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Посета на наставен час-одделенска настава | Следење на воспитно-образовната работата на наставниците од одделенска настава.<br><br>Следење на реализацијата на наставниот план и програма од страна на нставниците од одделенска настава. | Формулар за следење на наставен час.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Подобрување на работата на наставниците.<br><br>Утврдување и навремено отстранување на одредени недостатоци во работата. | Директор<br><br>Педагог |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Посета на наставен час-предметна настава | Следење на воспитно-образовната работа на наставниците од предметна настава.<br><br>Следење на реализацијата на наставниот план и програма од страна наставниците од предметна настава. | Формулар за следење на наставен час.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници. | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Подобрување на работата на наставниците.<br><br>Утврдување и навремено остранување на одредени недостатоци во работата. | Директор<br><br>Педагог |
| 3. | Посета на воннаставни активности-одделенска настава | Следење на активностите и нивна реализација-воннаставни активности. | Формулар за следење на воннаставни активности.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници. | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Постигања на наставниците.<br><br>Отсранување на неправилности. | Директор<br><br>Педагог |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Посета на воннаставни активности-предметна настава | Следење на активности и нивна реализација-воннаставни активности. | Формулар за следење на воннаставни активности.<br><br>Евидентен лист за разговор со наставници | Прво полугодие (минимум два пати)<br><br>Второ полугодие ( минимум два пати) | Постигања на наставниците.<br><br>Отсранување на неправилности. | Директор Педагог |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето има изготвена Самоевалуација за период 2024-2026 година согласно Законот за основно образование**.**

### План за спроведување на самоевалуација и за утврдување на квалитетот на работата на основното училиште

**Подрачје:** Планирање, настава и учење

**Силни страни**

- Училиштето спроведува образовна инклузија на високо ниво, преку одлична соработка на Училишен инклузивен тим, образовни асистенти и сите наставници, во соработка со ОУРЦ „ Иднина “ - Скопје со што се искористени максимум потенцијали и потреби на учениците.

- Училиштето врши промоција на активностите на МИО со партнер-училиште ООУ „ Бајрам Шабани “ во континуирана соработка низ работилници со што се подобрува и поттикнува мотивираноста на учениците.
- Учениците постигнуваат врвни резултати на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво со и без акредитација.

**Слаби страни**

- Недоволен број на образовни асистенти вклучени во самиот процес во редовна настава во подрачно училиште во село Пчиња.

**Приоритети**

- Организирање на обуки на наставници за работа со инклузирани ученици и талентирани ученици;
- Обезбедување образовен асистент на секој ученик со МКФ;

**Подрачје:** Постигања на учениците

**Силни страни**

- Центарот за поддршка кој работи во состав на училиштето дава индивидуални третмани на сите ученици со ПОП во училиштето и во Североисточниот регион.

**Слаби страни**

- Недоволна едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија

**Приоритети**

- Едукација на наставниците за работа со уреди од асистивна технологија.

**Подрачје:** Училишна клима и односи во училиштето

**Силни страни**

- Училиштето има изградено препознатлив имиџ во општината и успешна континуирана соработка со локалната заедница, јавните установи и деловен сектор.
- Училиштето води политика на взаемно почитување, еднаквост, хуманост и толеранција со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит, еднаквост и емпатија.
- Успешна соработка со партнер училишта од Ерасмус + проекти, преку мобилности, размена на искуства и идеи и активности на учениците од нашето училиште со врсници од партнер-училиште.
- Навремено информирање, реализирање и ажурирање на кодекс на однесување и облекување, со вклученост на сите структури во училиштето.
- Работа на Центар за поддршка на учениците со потешкотии во учењето.
- Вклученост на родители во организација на предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми.
- Промовирање на сите активности во локалната заедница од страна на локални медиуми, фејсбук-страна и веб-страна на училиштето.
- Училиштето спроведува голем број на активности, работилници и предавања на кои учениците стекнуваат вештини за препознавање и справување со различни видови на насилство.
- Во училиштето има обучени наставници и ученици за давање на прва помош.

**Слаби страни**

- Реконструкција, санација и реновирање на училишна фискултурна сала.
- Санација на тоалети во централна зграда.

**Приоритети**

- Поставување на енергетско ефикасна фасада на централна училишна зграда.

- Поставување на фотоволтаичен систем за заштеда на енергенси за затоплување.

**Подрачје:** Управување,раководење и креирање политики

**Силни страни**

- Раководниот орган заедно со наставниот кадар преку изработка и аплицирање на проекти реализира инфраструктурни зафати, едукација на наставниот кадар и набавка на нагледни средства.
- Училиштето ги афирмира и промовира постигањата на учениците, свечено и јавно ги пофалува учениците за своите успеси на натпреварите и ги наградува учениците со континуиран одличен успех со книга и пофалница, како и нивните ментори.
- Континуирано се промовираат активности поврзани со мултиетничка интеграција и инклузивно образование.
- Континуираното подобрување на инфраструктурните услови за престој на учениците во сите училишни згради во кои се одвива наставата.

**Слаби страни**

- Неможност УО да има влијание врз буџетот со цел побрзо решавање на донесени одлуки во училиштето.
- Недостаток на просторен капацитет, одвивање на воспитно образовен процес од страна на две училишта во иста училишна зграда.
- Во однос на инклузија, недоволно обучен наставен кадар и стручни соработници (и покрај одржаните обуки и дисеминации)
- Недоволна екипираност на персонал, логопед, негувател или медицинско лице.
- Недоволен број на современи ИКТ средства за осовременување на наставата.

**Приоритети**

- Опремување на училници со современи ИКТ средства за осовременување на наставата.
- Континуирано унапредување на инфраструктурата, реализација на проекти за подобрување на инфраструктурата, конкретно, енергетско ефикасна фасада на училишната зграда на ул. „Тане Георгиевски“ и алтернативно решение за затоплување, греење на гас во Соколана.
- Екипирање на кадарот за комплетна имплементација на процесот на инклузија.
- Приоритет на библиотеката е дополнување на книжниот фонд со нови лектирни изданија.

**Тим за самоевалуација**

| **Училишна комсија за изготвување на самоевалуација** | Училишни тимови по подрчја |
|---|---|
| П1 Планирање, настава и учење - Јадранка Јосковска | Биљана Стоилковска<br>Драган Стефановски<br>Тино Шаботиќ<br>Маја Поп Арсова<br>Мартин Серафимовиќ<br>Бранкица Лититарова<br>Анета Јовановска<br>Милена Михајловска<br>Гордана Јовановска<br>Гордица Миленковска<br>Магдалена Миладиновска |
| П2 Постигања на ученици - Дафина Јосимовска | Соња Поповиќ<br>Анета Давидовска<br>Светлана Насковска |

| | |
|---|---|
| | Жаклина Трајковиќ<br>Анкица Каранфиловска<br>Христина Кеовска<br>Анита Милановска<br>Зоран Јосимовски<br>Валентина Митевска<br>Оливера М. Ѓорѓиевска<br>Елена Паскалова |
| П3 Училишна клима и односи во училиштето - Емилија Кириловска | Гордана Зец<br>Наталија Крстевска<br>Андријана Владимирова<br>Марија Насевска<br>Марија Клековска<br>Кристина Костадиновска<br>Сузана Анастасова<br>Емилија Николовска<br>Весна Лазаревска<br>Ивана Цветковски<br>Ана С. Петровска |
| П4 Управување, раководење и креирање политики - Елизабета К. Костиќ | Елена Марковска<br>Марија Спасовска<br>Габриела Младеновиќ<br>Виолета Николовска<br>Гордана Ракиќ<br>Бојан Трајковски<br>Ана Гиевска<br>Марина Ц. Мартиновска<br>Гоце Крстевски |

| | |
|---|---|
| | Сашо Димковски<br>Наташа Ѓорѓевиќ |
| Координатор на одговорни по тимови - Сандра Петринска | |
| Изработка и диструбирирање на прашалници - Милена Илиќ Пешиќ | |

**17. Безбедност во училиштето**

За одржување на безбедноста во училиштето, ќе продолжи да се изведува дежурство од страна на наставници. Наставниците дежураат пред почетокот на часовите и за време на големиот одмор, а учениците континуирано за време на наставата. Дежурството на наставниците ќе се изведува и во училишниот двор за време на големиот одмор, а според распоред на дежурство што го изработува директорот на училиштето согласно распоредот на часови.

Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други незгоди - пожари, поплави и слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште и истите се чуват во архивата  на училиштето. Обука за прва помош и заштита.

Училиштето е должно да создаде услови и да ги превземе сите мерки за безбеден престој на учениците во училиштето. За таа цел во текот на целата учебна година се реализираат голем број предавања од страна на Министерството за внатрешни работи кои едукативно влијаат за зголемување на свеста кај учениците за лична безбедност, како и од стручната служба на училиштето. Одговорноста за тоа припаѓа на сите вработени во училиштето, а посебно на директорот, стручните соработници и наставниците.Најдобар систем за безбедност и заштита на учениците претставува почитувањето на куќниот ред на училиштето, а тоа се постигнува со воспитно влијание.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето ќе се одржува како и досега. Пред почетокот на учебната година ќе се изврши кречење и чистење на сите објекти од страна на техничкиот персонал, но  и со активно ангажирање и залагање на сите вработени. За таа цел постои процедура за одржување на хигиената во училниците, ходниците, санитарните јазли со користење на средства за дезинфекција и училишниот двор. Ќе воведеме и избор на најдобро уредена и одржувана училница. Значајна улога ќе одиграат одделенските раководители и сите останати наставници, преку постојано укажување на учениците за значењето на хигиената и преку активности за градење на хигиенски навики кај учениците. Во овие активности ќе бидат вклучени и вработените од техничкиот персонал, а не помалку значајна улога треба да превземат и родителите во јакнењето на личната хигиена кај учениците.

Од страна на Заводот за здравствена заштита се врши дератизација и дезинсекција на училиштето со цел сите релевантни субјекти во училиштето да бидат заштитени од заразни болести. Чистата работна атмосфера овозможува пријатно чувство за работа кај вработените и учениците.

### 18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи за учениците ќе се одржуваат согласно програмата на Министерството за здравство, а училиштето ќе помогне за реализација на истата. Со систематски преглед ќе бидат опфатени учениците од прво, трето, петто и седмо одделение. Во одделенска настава паралелките ќе ги придружуваат нивните наставници заедно со родителите, а во предметна, наставниците кои се слободни или стручните соработници и родителите. Систематските прегледи ќе се организираат надвор од редовната настава. Во склоп на ова ќе бидат направени и стоматолошки прегледи на сите ученици.

## 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето на учениците исто така ќе се врши согласно програмата на Министерството за здравство и тоа во амбулантски услови. Учениците се вакцинираат  во амбуланта ,,Тоде Мендол’’-Куманово со однапред договорен распоред и придружба од страна на родител  на самите ученици. Целосна евиденција за оваа активност ќе води дефектолог Милена Илиќ-Пешиќ.

***Вакцинирање во учебна 2026/27 година:***

- Прво одделение - ревакцина МРП (морбили, рубеола и паротит).
- Второ одделение – втора ревакцина DTap-IPV (дифтерија,ϖ тетанус, пертусис плус полио), прво полугодие и / ППД проба за туберкулоза и БЦГ Туберкулоза вакцина второ полугодие.
- Седмо одделение -вакцина ХПВ за девојчиња и момчиња, две дози и тоа прва доза во прво полугодие и втора доза во второ полугодие.
- Деветто одделение – трета ревакцина Td- IPV (дифтерија, тетанус плус полио).

## 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Едукацијата за здрава исхрана на учениците ќе се изведува континуирано преку едукативни предавања од страна на наставниците. Преку разговор и предавање на одделенски час, часови по природни науки и биологија  ќе се стави акцент на здравата исхрана богата со витамини и минерали, зголемена физичка и спортска активност, намалено време на работа со компјутери за подобрување на физичкото, менталното и социјалното здравје.

Темите на предавањата ќе бидат изработени од наставниците и усогласени со наставните содржини. Тие ќе имаат за цел едукација на учениците за здрава исхрана и подигање на свеста за правилна исхрана. Во училиштето не се организира оброк за учениците.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето ќе се одржува со активно учество на сите субјекти, а со доследно почитување на Кодексот на однесување на ученици, наставници, родители и други вработени. Дисциплината ќе ја спроведуваат сите наставници и стручни соработници со позитивни примери и со насочување на учениците на правилно однесување во групни и индивидуални разговори. За таа цел на почетокот на учебната година, откако ќе биде готов распоредот на часови, се изработува и распоред за дежурство на наставници. За време на наставата задолжително е и присуството на барем еден стручен соработник во смена. Вработените од технички персонал исто така реализираат дежурство со акцент на ходниците, тоалетите и училишниот двор. Во овој процес секако важна улога ќе имаат и родителите.

Писмена евиденција за тековните случувања за време на одморите ќе се води од страна на дежурните ученици во паралелките и од страна на дежурните наставници. Истата дежурните ученици ќе ја доставуваат до одделенските раководители, а дежурните наставници до стручните соработници. Доколку има поголеми нарушувања на дисциплината ќе се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници. Контрола во училиштето и во училишниот двор спроведуваат дежурните наставници. Секојдневно се води писмена евиденција за тековните случувања во текот на работниот ден.

Распоред на дежурни наставници е даден во прилог.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во уредување и одржување на просторот во училиштето и дворот ќе учествуваат исто така сите субјекти. Секој наставник пред својата училница ќе го уредува паното според потребите и наставните содржини, а останатиот дел од училишните ѕидови, како и холот ќе го одржуваат членовите на ликовната и литературната секција со предметните

наставници по ликовно образование и македонски јазик. Во овој дел ќе земат учество и родителите на учениците од одделенска и предметна настава. Ќе продолжиме со уредување на еко-катче, изложување на изработки од актуелните проекти во училиштето и изложување на трудовите на учениците, како и дипломи, благодарници и сертификати доделени на училиштето. При организирање на одредени активности во училиштето уредувањето на просторот ќе биде одговорност на наставниците кои ги организираат истите.

Училишниот тим кој ќе ги координира овие активности го сочинуваат:

*Одговорни наставници за естетско уредување:*

1. Марина Цветановска Мартиновска - професор по ликовно образование;
2. Слободан Тимчевски - професор по ликовно образование;

**Акционен план за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

| **Активност** | **Задача** | **Носител на активноста** | **Време на реализација** | **Потребни ресури** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Изложување творби во училиштето изготвени од страна на учениците | Одбележување значајни датуми и поводи | Наставниците и учениците | На почетокот и во текот на целата учебна година | Пано, шпенагли, лепак, простор | Одбележани значајни датуми и поводи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовно и литературно уредување на паноата во училиштето | Поттикнувањена учениците за творење | Одговорни наставници ученици | Важни датуми и поводи во текот на учебната година | Работен материјал, простор | Естетско уредени училници и ходници во училиштето<br>Развиени естетски вредности кај учениците |
| Креативни изработки од страна на учениците во рамките на проектите еколошка едукација во македонскиот образовен систем и претприемништво во образованието | Да се развива еколошка свест и претприемачки вештини кај учениците | Наставници, Ученици, родители | Во текот на учебната година | Додатна литература за екологија, простор за изложба, материјал, лепак, ножици | Развиена еколошка свест кај учениците за реупотреба на материјалите<br>Развиени претприемачки вештини |
| Есенско и пролетно чистење и садење цвеќиња и садници во училишниот двор | Хортикултурно уредување на училишниот двор, Полевање | Одговорни наставници и учениците | Октомври, март | Сезонски садници, работен материјал, кеси и корпи за отпадоци, ракавици | Развиена еколошка свест кај учениците |

### 19.3. Етички кодекси

Во училиштето има изготвен кодекс на однесување на учениците, наставниците, другите вработени и родителите. Училиштето ќе се залага за негово доследно спроведување преку редовно укажување за почитување од страна на сите

субјекти. Кодексот на однесување ќе биде истакнат на видно место во училиштето (ходници и училници) и на веб-страната на училиштето, со што ќе биде достапен на сите.

**19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето**

Во училиштето постои соработка и корелативни врски меѓу сите постоечки структури (раководен орган, стручни соработници, стручни активи, училишен одбор, совет на родители, технички персонал, и др.). Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените и учениците. Повеќето ученици (без оглед на способностите, родот, етничка припадност, верата и потеклото) се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето.

Во рамките на своите активности, стручните соработници ќе организираат индивидуални средби и разговори со вработените, родители, ученици за подобрување и одржување на добри меѓучовечки односи и меѓусебна комуникација, доверба и соработка. Во контекст на ова ќе бидат организирани заеднички состаноци, работилници, дебати, предавања, на кои ќе се разгледуваат слабостите во комуникацијата, а ќе се организираат и заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и прослави по повод значајни датуми. Нивото на соработка со родителите ќе го одржуваат сите наставници, со помош и поддршка на стручните соработници и директорот. Односот помеѓу учениците и наставниците, како и со останатите вработени ќе го одржуваат наставниците исто така со помош и поддршка на стручните соработници и директорот.

**Тим за односи меѓу сите структури во училиштето:**

1. Јасиминка Спасовска - директор;
2. Биљана Стоилковска - психолог;
3. Габријела Ангеловска - секретар;
4. Катерина Митевска - наставник по одделенска настава;
5. Гоце Крстевски - наставник по предметна настава;

6. Весна Јовановска - економ домаќин;

Училишниот тим, ќе ја следи соработката и комуникацијата помеѓу сите структури во училиштето, ќе открива слаби страни и врз основа на тоа ќе изготви план за активности со цел да ја подобриме состојбата во критичните сфери на функционирање меѓу субјектите.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Од резултатите од самоевалуацијата, интегралните евалуации, како и од следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници од надлежна институција, како и индивидуалните потреби на наставниците се детектираат потребите за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето.

### 20.2. Активности за професионален развој

Во текот на учебната година сите понудени обуки од акредитирани институции ќе бидат доставени до наставниците или стручните соработници за кои се наменети, истите ќе бидат разгледани и зависно од можностите ќе бидат посетени. По учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат семинари, вебинари, дисеминација, работилници и размена на искуства во рамките на активите. За својот професионален развој наставниците ќе водат професионално досие и професионално портфолио, а на крајот на учебната година ќе изработат извештај за реализацијата.

*План за професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето*

| | Континуирана едукација на наставниот кадар | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Временска рамка (месец)** | | | | | | | | | | | | | | | | **Следење** |
| **Задачи** | **Активност** | **9** | **10** | **11** | **12** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **Носител** | **Начин на спроведување ресурси** | **Инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** |
| Да се организира дисеминација од посетени семинари | Органи-зирање на интерна обука | **x** | **x** | **x** | **x** | **x** | **x** | **x** | **x** | **x** | | | | Наставници кои посетиле обуки | Работилници | Стручни материјали | Подобрен квалитет на настава | Тим за професи-онален развој |
| Обука за основни професионални компетенции и стандарди за наставници-Личен план за професионален развој | Органи-зирање на интерна обука | | x | x | | | | x | x | | | | | Наставник-ментор во училиштето | Презентација | Стручни материјали | Подобрени професионални компетенции и стандарди за наставници и Личен план за професионален развој | Тим за професи-онален развој |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Едуцирање на наставниците за работа со учениците со посебни образовни потреби и со видот на нивната попреченост | Органи-зирање на интерна обука | x | | | x | x | x | | | | | | | Стручни соработници Стручен соработник ментор | Презентација | Стручни материјали | Оспособен и наставници за препознавање на индивидуалните потреби на ученици со ПОП | Стручни соработници Тим за професионален развој |

***Тим за професионален развој***

1. ЈасминкаСпасовска - директор;
2. Дафина Јосимовска – наставник по математика, наставник - ментор во училиште;
3. Д-р. Милена Илиќ Пешиќ - дефектолог; стручен соработник - ментор
4. Членови на стручни активи;

### 20.3. Личен професионален развој

На наставниците, стручните соработници и останати вработени, ќе им биде овозможено професионално да се усовршуваат според своите интерес и определба, а своите знаења секако ќе ги применат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците можат да го стекнат во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано и во сопствена режија. За сопственото стручно усовршување наставниците прават личен план за професионален развој за секоја учебна година врз основа на

самоевалуацијата во однос на професионалните компетенции, резултатите од интегралната евалуација и по претходно направена самопроценка и со поддршка на стручните соработници.

## 20.4. Хоризонтално учење

Во училиштето функционира тим за професионален развој на наставниците, кој ги утврдува потребите за едукација и организира интерни обуки и нагледни часови со цел да се подобри квалитетот на наставата. Наставниците меѓусебно разменуваат искуства и знаења во рамки на стручните активи, истите изготвуваат  програми за работа на активите.

*Акциски план за хоризонтално учење*

| Планирани активности | Носители на активност | Време на реализација | Очекувани исходи | Начин на следење | Критериуми за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Наставниот кадар Стручна служба | Во текот нацелагодин а | Подобренатим скаработа меѓунаставниц ите. | Чек листи, опсервација | Подобрени перформанси на наставниците |
| Размена на дневниподготовки,нагледни средства и другиматеријали меѓу наставниците од нашето училиште | Наставниот кадар Стручнаслужба | Во текот нацелагодин а | Користењесоо дветниресурс и вонаставата. | Евиденција, преглед од страна на стручна служба и директор | Подобрени перформанси на наставниците ,подобрен квалитет на настава |
| Индивидуални-групни средби/состанокза поддршка на наставници од наставник-ментор во согласност со неговите | Наставнио ткадар Наставник - ментор во училиште | Во текот нацелагодин а | Подобренатим скаработа меѓунаставниц ите. Подобрен | Чек листи, опсервација | Подобрени перформанси на наставниците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| стекнати компетенции | | | квалитет на воспитно-образовен процес. | | ,подобрен квалитет на настава |

**20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

Воспитно образовниот кадар индивидуално работи на своето кариерно напредување и има поддршка од директор и стручни соработници.

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.

Училиштето ги почитува законските одредби за поддршка на наставниците- приправници, во согласност со Закон за основно образование, Закон за наставници и стручни соработници, Правилник за начинот на менторска поддршка на приправникот, Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците. Откако во училиштето ќе се вработи наставник- приправник, истиот се воведува во работата на училиштето од страна на директорот и стручните соработници. Потоа со истиот работи наставникот- ментор. Менторот има задача да подготви програма за работа со приправникот и истата ја доставува до архива, директорот и до приправникот. Во програмата се детално опфатени подрачјата и активностите кои за време на приправничкиот стаж треба да бидат реализирани. Работата на менторот и приправникот континуирано ја следи директорот. Менторот на крај од приправничкиот стаж дава мислење за работата на приправникот. Мислење за приправникот дава и Наставничкиот совет. Кога се исполнети сите услови, приправникот полага стручен испит, со што напредува во звање наставник/стручен соработник. Училиштето има наставник-ментор. Училиштето континуирано дава поддршка на сите наставници и стручни соработници за напредување во повисоко звање, преку

овозможување истите да ги надградуваат своите знаења, вештини и компетенции, согласно нивните потреби за кариерен развој, но и за потребите на воспитно-образовниот процес кој се реализира во нашето училиште. Истите имаат можност да се вклучат во реализација на активности и обуки во рамките на Проекти кои училиштето ги реализира. Исто така, имаат можност за останатите наставници да реализираат дисеминација на обука, семинар, вебинар кои тие го следеле. Училиштето дава поддршка и за учество на конференции. На почетокот на учебната година ќе се изработи план кој ќе опфати активности за вклучување на наставниците/ стручните соработници во погоре споменатите активности. Изборот на наставници/ стручни соработници се прави транспарентно со објавување на повици и огласи и споделување на информации на Наставнички совет. Евиденција за кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се води во педагошкиот картон и професионалното досие.

План за поддршка на воспитно-образовниот кадар за нивното кариерно напредување

| **Активност** | **Задача** | **Носителна активноста** | **Времена реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Посета на задолжителни семинари организирани од МОН и БРО | Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски активности | Обучувачи | Во текот на учебната година | Стекнување нови и продлабочени знаења од страна на наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| дентификација на Надарени деца | Препознавање на Надарени деца,избор на соодветни методи, Форми и техники за работа со нив и нивно вклучување во додатна настава | Педагог, Психолог, Дефектолог-ментор | ноември | Примена на соодветни форми,методи и техники во работата со надарените деца Учество на натпревари |
| Тимска работа | Запознавање со принципите на тимска работа и улогите во тимот | Педагог, психолог, дефектолог-ментор | јануари | Подобрување на училишната клима и квалитетот на воспитно образовниот процес преку примена на принципите на тимско работење |

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Совет на родители  во училиштето работи по претходно изготвена годишна програма за работа. Со годишна програма за работа на Совет на родители е предвидена динамика на состаноци, одговорни лица и број на членови. Сите приоритети се разгледуваат на состанок на Совет на родители и истите даваат идејни решенија. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при  подобрување на условите за работа, даваат предлози за активности во

училиштето, учествуваат во донесување на решенија и одлуки преку училишен одбор во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите. Сите одделенски раководители имаат утврдено термини за консултации, организиран распоред за средби со родители и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласна табла за информирање на родители. Планот за консултации со родители се изготвува на почетокот на учебната година.

### 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите најмногу се вклучени во имплементација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции и други настани во училиштето. Во процесот на учење се вклучени преку редовно информирање за успехот на учениците. Родителите даваат поддршка на наставниците во работата со учениците со попреченост, надарените и талентираните ученици.

Секој одделенски раководител ги планира родителските средби (во годишната програма), вклученоста на родителите преку давање мислења и сугестии за дополни и измени на секаков вид планирања. Воедно постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, Советот на родители,директорот на училиштето,наставниот кадар, стручната служба и учениците. Значаен фактор е родителската поддршка кон наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкоти и во развојот и соработката за напредување на учениците таленти. Исто така неопходна е соработката со родителите во прибирање и изработка на дидактички матерјали, помагала и други наставни средства и материјали. Поддршка на реализаторите на иновации во наставата и помош при професионална ориентација на учениците.

Секој одделенски раководител во својата Програма за воннаставни активности планира вклученост на родителите во активности на реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности (натпревари, екскурзии,приредби, манифестации, промоции и други активности).

### 21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето организира едукативни работилници за родители, ги информира за реализирање на активности преку соопштенија, флаери, брошури и советувања. Советодавно-консултативни работилници, индивидуални и групни, посета на семејства се применуваат по барање и потреба за поддршка на наставник кај поединечни случаи за надминување на потешкотии со кои се соочуваат учениците.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

***Комуникација со јавноста и промоција на училиштето***

Локална заедница (локална самоуправа, бизнис заедница, месно население)

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, како и за поотворени и подемократски училишта. Преку учење и соработка, луѓето го подобруваат квалитетот на својот личен живот, но и квалитетот на животот во таа заедница. Соработката им овозможува да ги идентификуваат проблемите и ресурсите во заедницата, но и да ја креираат својата иднина обезбедувајќи можности за учење во различни периоди од животот и развивајќи вештини за водство. Училиштето, како центар за учење во заедницата, е место каде што може да се градат и остваруваат партнерските односи во заедницата. Тие играат голема улога во тоа како една заедница може да стане место каде што учењето и животот се преплетуваат со цел да се создадат подобри услови за сите нејзини жители.

Соработката меѓу училиштето и семејствата има големо значење за:

- подобрена комуникација меѓу родителите и наставниците во корист на децата.
- заедничко планирање и донесување одлуки за важни прашања.
- отворена и двонасочна размена на информации.

- заедничка одговорност за преземање акции.
- заедничка евалвација на постигнатото.

Соработка со локалната самоуправа во кој учениците, наставниците и претставниците од локалната самоуправа заеднички ќе работат на проекти од општината. Училиштето активно ќе соработува со локалната самоуправа, посебно со Секторот за образование, култура, спорт и млади и воспитно-образовни институции од општината. Учениците ќе учествуваат во сите организирани активности и манифестации на ниво на општина, спортските, културно-уметничките програми и наградните конкурси.

Активности во текот на годината:

- одбележување јубилејни прослави и меѓународни денови
- спортски активности
- работни и хуманитарни акции
- запознавање на локалната средина преку посети и излети
- организирање и учество во приредби и изложби
- соработка со локалната заедница
- соработка со родители
- учества во организирани еко-акции
- учества во општински ученички натпревари

***Институции од областа на културата***

Целта на ова подрачје е да се анимира и да се стави во педагошка функција се што може да се понуди во локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи во училиштето, како и на подигнување на културно-образовното ниво на учениците. За да се запознаат учениците со јавните и културни установи од локалната средина, да

формираат  навики за нивно користење во секојдневиот живот и работа, да развијат интерес за следење и учество во разни културни манифестации:

-посета на Градска библиотека „Тане Георгиевски“;

-посета на Народен театар Куманово;

-посета на Центар за култура „Трајко Прокопиев“;

-посета на Историски музеј и Галерија на град Куманово.

***Институции од областа на образованието***

- Министерство за образование и наука - законски регулативи, решенија за наставни планови и програми, упатства за уписи, согласности за вработување, календар за работа за учебната година, одобрување на статутот на училиштето, проекти.
- Државен просветен инспекторат - доследно спроведување на законската регулатива, самоевалуација на работата на училиштето, интегрална евалуација на училиштето, уписи на првачиња, педагошка евиденција и документација.
- Биро за развој на образованието (БРО) - реализација на наставни програми, организирање на семинари и обуки, изработка и спроведување на нормативите за наставен кадар, спроведување на изработените нормативи за обезбедување на услови за работа.
- Основни училишта во градот - соработка на проекти и размена на искуства.

***Медиуми*** (промоција на училиште)

Училиштата можат да ги користат сите видови медиуми: весници, списанија, билтени, радио, телевизија и интернет за различни целни групи во заедницата.

***Печат***

Известување за идеи и програми кои нудат потенцијални решенија за училишните проблеми. Известувања за постигнувањата на училиштето, вработените и учениците, треба да вклучува статистика, да ги поттикне новинарите да пишуваат суштински и позитивни приказни.

***Платен оглас***

Платен оглас се врши во весници и списанија за да се промовира училиштето.

***Е-пошта***

Е-поштата служи за пренесување на вести на родителите, наставниците и училишните партнери. Исто така e-mail може да се користи неформално,  да им обезбеди корисни информации или потсетници на родителите и вработените.

***Креативна употреба на материјали***

- Правење на изложби за кој ќе бидат користени уметничките трудови на учениците.
- Со изнаоѓаат нови начини преку кои родителите и локалната заедница добиваат информации за активностите во училиштата.

***Невладини организации***

Училиштето ќе продолжи со соработка со невладини организации во градот во областа на подобрување на редовноста, успехот на учениците и подобрување на соработката со родителите.

***Спортски друштва***

Училиштето ќе соработува со спортските друштва од локалната средина се со цел за правилен физички развој кај учениците,  зголемување на ефикасност на работната и спортска способност кај учениците и препознавање и поддршка на таленти. Соработка со ДКК „Пинк Пантер“,соработка со фудбалска академија „МИО“, Атлетски клуб „Куманово”.

***Здравствени организации***

Грижата за здравјето на учениците во училиштето ќе се остварува преку:

- Соработка со ЈЗУ - Школска амбуланта за организација и реализација на систематски лекарски прегледи за учениците, изведување на вакцинации и ревакцинации на учениците, изведување на редовни систематски стоматолошки прегледи според нивни програми;
- Соработка со Црвениот крст,  во реализација на активности од нивните програми;
- Предавања на разни едукативни теми за здравјето на учениците од стручни лица.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подобрен квалитет на наставата на ученици со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во   учењето. | Анализи по класификациони периоди и извештаи од натпревари | Наставници<br>Стручна служба | Наставници, ученици, родители |
| Подобрен успех на ученици  со посебни образовни потреби, надарени деца и децата со потешкотии во   учењето. | Табелари | Наставници<br>Стручна служба | Наставници, ученици, родители |
| Подобрен квалитет на наставата | Анкета | Стручна служба | Наставници,ученици, родители |
| Подобрен успех на ученици | Табелари | Наставници<br>Стручна служба | Наставници, ученици, родители |
| Подобрени услови за работа во ПП | Фотографии пред и потоа | Директор<br>Одговорни наставници | Родители и локална заедница |

**24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште**

Предвидените активности во Годишната програма се следат од страна на директор, стручна служба по класификациони периоди преку соодветни инсрументи (табеларни прегледи, прашалници, анкети, записници, анализи).

**25. Заклучок**

Со изготвување на Годишната програма добиваме  краткорочен развоен документ кој претставува оперативно планирање на севкупната работа на училиштето. Овој суштински документ ефикасно не води при реализација на планираните глобални активности, овозможува евалуациско следење на сите чинители на воспитно - образовниот процес, ги предвидува сите форми и начини на работа овозможени од условите во кои работи училиштето: материјално-технички, кадровски, финансиски и други услови во пошироката заедница каде егзистира училиштето.

Во оваа годишна програма се  опфатени  сите податоци за ООУ„Браќа Миладиновци“- Куманово, како и  сите предвидени активности, сите подрачја од училишниот живот, почнувајќи од: училишната лична карта, просторните услови за работа и настава, план на просториите, опременоста на училиштето, структурата на училиштето почнувајќи од највисокиот орган, организацијата на работни места на наставниот кадар и вработените, број на паралелки, ученици, етничка и родова структура на ученици, мисија и визија на училиштето, стекнатите искуства, подрачја на промени и приоритети, задачи и цели, план за евалуација, календар за работа, видовите настава (редовна, изборна, практична, додатна и дополнителна, слободни часови), оценување и самоевалуација, вонннаставни активности, поддршка на ученици, грижа за здравјето, училишна клима, професионален развој на образовниот кадар, вклученост на семејството во училиштето и комуникација со јавноста.

Со Годишната програма за работа на училиштето е направен обид да се разработат и конкретизираат воспитно - образовните цели и задачи, да се синхронизираат сите работни задачи, да се обезбеди следење и информирање за квалитетот на извршената работа и објективно вреднување на постигнатите резултати. Степенот на реализација на планираните активности не зависи само од квалитетот на Годишната програма за работа на училиштето, туку и од ангажманот на сите вработени, почнувајќи од директорот, стручната служба, административните службеници, помошно-техничките лица, наставниците, учениците, родителите/старателите и сите засегнати субјекти во воспитно-образовниот процес, како и пошироката општествена заедница.

Поради континуираните промени што се случуваат во општеството, неопходно е постојано да ги преиспитуваме ставовите и социјалните вештини кај учениците што ги стекнуваат во образовниот процес. Само преку доброто планирање може да им се помогне на училиштата да се соочат и справат со промените. Годишниот план за развој на училиштето е пример за систематски промени. Тоа ќе настојува да обезбеди висок степен на одговорност и професионалното извршување на поставените цели и задачи.

Систематски и квалитетно изготвена Годишна програма на училиштето ни овозможува навремено планирање на предвидените активности кои имаат за цел овозможување воспитание и образование на учениците на највисоко ниво.

ЗАБЕЛЕШКА: Дел од активностите во Годишната програма за работа на училиштето може да претрпат извесни промени, доколку тоа го наложуваат одредени состојби. Сите промени ќе се прават согласно дадени препораки, насоки и задолженија од соодветните надлежни институции.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Годишната програма за работа на ООУ„Браќа Миладиновци“ - Куманово за учебната 2025/2026 година е изработена од Комисија за изготвување на Годишна програма за работа формирана со Одлука бр. 02-133/1 од 08.04.2025 година од страна на директорот на училиштето.

| **Комисија за изготвување на Годишна програма** |
|---|
| Јасминка Спасовска - директор |
| Д-р Милена И. Пешиќ – дефектолог стручен соработник ментор |
| Гордана Зец - социолог |
| Емилија Кириловска - одделенски наставник |
| Марија Насевска- одделенски наставник |
| Дафина Јосимовска - наставник ментор - предметен наставник |
| Елена Трковска- предметен наставник |
| Мила Нојковска - претставник од Ученички парламент |
| Вања Богдановиќ - претставник од Ученички парламент |

**27.Користена литература**

- Закон за основно образование
- Правилник за формата и содржината на Годишната програма за работа на основното училиште
- Закон за наставници и стручните соработници во основните училишта
- Закон за работни односи
- Закон за јавни набавки
- Национална стратегија за образование 2018 – 2025 година
- Наставни планови и програми
- Концепција за деветгодишно образование, нова концепција за основно образование
- Статут на училиште
- Програма за развој на училиште
- Програма за работа на училиште од претходна учебна година
- Годишен извештај на училиште од претходна учебна година
- Извештаи од посети и увиди од Државен просветен инспекторат
- Самоевалуација на училиште
- Програмата за развој
- Извештаи за финансиското работење на училиштето

**Директор** **Претседател на Училишен одбор**

____________________ __________________

Јасминка Спасовска Датум: Филип Саревски

Јули .2026 година

**м.п___________________________**

## 28. Прилози на годишната програма за работа на основното училиште

- Годишна програма за работа на директор
- Годишна програма за работа на помошник директор
- Годишна програма за работа на наставник-ментор
- Годишна програма за работа  на стручен соработник- ментор
- Годишна програма за работа на стручни соработници
- Годишна програма за работа на училишен одбор
- Годишна програма за работа на совет на родители
- Годишна програма за работа на наставнички совет
- Годишна програма за работа на стручни активи
- Годишна програма за работа на одделенски совети
- Годишна програма за работа на училишен инклузивен тим
- Годишна програма за работа на ангажираните образовни медијатори и тутори
- Годишна програма за работа на хор и оркестар
- Годишна програма за работа на заедница на паралелката
- Годишна програма за работа на ученички парламент
- Годишна програма за работа на ученички правобранител
- Распоред на часови
- Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- Програми за вонаставни активности
- Програма за додатна настава
- Програма за дополнителна настава

- Програми за вонучилишни активности
- Програма за реализација на ученички натпревари
- Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката  интеграција
- Проекти што се реализираат во основното училиште
- План за поддршка на учениците и  за подобрување на резултатите
- План за професионална ориентација на учениците
- План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство,злоупореба и запуштање, спречување дискриминација
- План за следење и  анализа на состојбите со оценувањето
- План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
- Програма за самоевалуација на училиштето
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Распоред на дежурни наставници
- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- Програма за антикорупциска едукација на ученици
- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
- Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
- Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите
- Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- Програма за грижа за здравјето на учениците
- Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште